# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Број 161 Год. LXIV Среда, 24 декември 2008 Цена на овој број е 190 денари**

**www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk**


## СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 3313. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита...... | 2 |
| 3314. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за работните односи........... | 4 |
| 3315. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување................................ | 8 |
| 3316. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност..... | 10 |
| 3317. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица............................................ | 12 |
| 3318. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за волонтерство................. | 12 |
| 3319. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија......................... | 13 |
| 3320. | **Закон** за изменување на Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката.......... | 14 |
| 3321. | **Закон** за изменување на Законот за пратениците........................................... | 15 |
| 3322. | **Закон** за изменување на Законот за платите на судиите.............................. | 16 |
| 3323. | **Закон** за дополнување на Законот за финансирање на политичките партии. | 16 |
| 3324. | **Закон** за дополнување на Законот за спречување на корупцијата................. | 17 |
| 3325. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за државните службеници | 17 |
| 3326. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за судска служба................ | 18 |
| 3327. | **Закон** за изменување на Законот за малолетничка правда............................ | 18 |
| 3328. | **Закон** за мирување и отпишување на обврски по основ на придонеси за задолжително здравствено осигурување | 19 |
| 3329. | **Одлука** за испраќање на припадник на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција на Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, Алтеа...................... | 22 |
| 3330. | **Одлука** за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Авганистан............................................ | 22 |
| 3331. | **Одлука** за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција во Авганистан................................................ | 23 |
| 3332. | **Указ** бр. 40 од Претседателот на Република Македонија......................................... | 23 |
| 3333. | **Указ** бр. 41 од Претседателот на Република Македонија......................................... | 23 |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 3334. | **Одлука** за прифатливоста на предлогот за повторно прогласување на локалитетот Локви - Големо Коњари за заштитено подрачје во категоријата Строг природен резерват..................... | 23 |
| 3335. | **Одлука** за престанок и за давање на времено користење на недвижни ствари на Здружението на ловци „Нерез“... | 24 |
| 3336. | **Исправка** на Одлуката за престанок и за давање на користење недвижна ствар на Министерството за правда..... | 24 |
| 3337. | **Решение** за именување државен секретар во Министерството за правда.... | 24 |
| 3338. | **Програма** за изменување на Програмата за приоритетна изработка на урбанистички планови за 2008 година.... | 24 |
| 3339. | **Програма** за изменување на Програмата за користење на средствата за ветеринарно јавно здравство во 2008 година................................................. | 24 |
| 3340. | **Програма** за изменување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2008 година.................. | 25 |
| 3341. | **Правилник** за пробните тестови и тестови за полагање на теоретскиот дел од возачкиот испит............................... | 27 |
| 3342. | **Правилник** за начинот на спроведување на испитите за проверка на знаење за возач-инструктор и стручно лице за вршење на технички преглед на возила.................................................... | 27 |
| 3343. | **Решение** за давање согласност на Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Кавадарци..................................... | 28 |
| 3344. | **Наредба** за забрана за собирање заради користење и трговија на автохтони самоникни габи-смрчки од родовите Morchella, Verpa и Ptichoverpa……….. | 28 |
| 3345. | **Решение** за стапување во примена на востановен катастар на недвижности.. | 29 |
| 3346. | **Одлука** за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност управување со систем за дистрибуција на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија........................ | 29 |
| 3347. | **Одлука** за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи на мало................ | 36 |
| 3348. | **Правилник** за реализирање на програмите за постојано стручно усовршување.................................................. | 39 |
| | **Декларации, заеднички позиции и демарши на Европската унија кон кои се придружува/прифаќа Република Македонија на покана на ЕУ** | |
| 14. | **Одлука** за спроведување на рестриктивната мерка воведена со Заедничката позиција на Советот на ЕУ 2008/761/ЗНБП од 29 септември 2008 година за продолжување на важноста на Заедничката позиција 2004/694/ЗНБП за натамошни мерки за поддршка на ефективна имплементација на мандатот на Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија....................... | 1-4 |
| | **Огласен дел**.......................................... | 1-32 |


## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3313.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

### У К А З
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 19 декември 2008 година.

Бр. 07-5635/1
19 декември 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

### З А К О Н
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА

Член 1

Во Законот за социјалната заштита ("Службен весник на Република Македонија" број 50/97, 16/2000, 17/2003, 65/2004, 62/2005, 111/2005, 40/2007 и 98/2008), во членот 20-а алинејата 2 се менува и гласи:

"- не побарало издржување од лицето кое е должно да го издржува врз основа на Законот за семејството, освен ако Центарот за социјална работа утврди дека лицето кое според закон е должно да го издржува би останало без минимум средства за егзистенција, пониски од висината на постојаната парична помош утврдена со овој закон,".

Во алинејата 4 по зборовите: "за наследник" се додаваат зборовите: "во период од две години пред поднесување на барањето за остварување на право на постојана парична помош и социјална парична помош".

Член 2

Во членот 23 став 2 точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: "еднократна парична помош за новороденче, родителски додаток за дете и законска издршка за дете во висина до 30% од просечната плата исплатена по вработен во Република Македонија во претходната година".

Член 3

Во членот 29-в став 2 точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: "еднократна парична помош за новороденче, родителски додаток за дете и законска издршка за дете во висина до 30% од просечната плата исплатена по вработен во Република Македонија во претходната година".

Член 4

Во членот 34 по ставот 4 се додава нов став 5, кој гласи:

"По исклучок од ставот 3 на овој член износот на еднократната парична помош изнесува 180.000 денари за дете или младинец без родители и без родителска грижа, кој по наполнување на осумнаесет годиш-

на возраст ја напушта установата или згрижувачкото семејство, заради негово адаптирање во социјалната средина."

Ставовите 5, 6 и 7 стануваат ставови 6, 7 и 8.

Член 5

Во членот 62 алинејата 3 се менува и гласи:

"- решава за правата утврдени со Законот за заштита на децата, и тоа детски додаток, посебен додаток, еднократна парична помош за новороденче и родителски додаток за дете,".

Член 6

Во членот 90 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

"Министерот со решение формира комисија за изготвување на наод, оцена и мислење, за решавање по изјавена жалба против првостепено решение со кое е одбиено барањето за остварување на право на постојана парична помош и правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице."

Ставот 3 станува став 4.

Член 7

По членот 94 се додаваат три нови члена 94-а, 94-б и 94-в, кои гласат:

"Член 94-а

Центарот издава потврда и уверение за статусот на корисникот на социјална заштита согласно со службената евиденција, во рок од десет дена од денот на поднесување на барањето.

Член 94-б

Центарот во постапката за остварување на право на еднократна парична помош, социјална парична помош и парична помош на лице кое до 18 години имало статус на дете без родители и родителска грижа, должен е да донесе решение во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето со потребната документација.

Формата и содржината на обрасците на барањето и потребната документација за остварување на правата од ставот 1 на овој член ги пропишува министерот.

Член 94-в

По истекот на рокот од членот 94-б став 1 на овој закон, подносителот на барањето во рок од пет дена има право да поднесе барање за донесување решение до директорот на центарот.

Формата и содржината на образецот на барањето од ставот 1 на овој член го пропишува министерот.

Директорот на центарот во рок од пет дена од приемот на барањето, донесува решение по барањето од ставот 1 на овој член со кое ќе констатира дека барањето е уважено, врз основа на кое странката ќе го оствари правото од членот 94-б став 1 на овој закон.

Решението од ставот 3 на овој член директорот го донесува откако претходно ќе утврди дека поднесокот не содржи формални недостатоци, сите пропишани документи се доставени, поминал рокот за решавање утврден во членот 94-б став 1 на овој закон и барањето за донесување на решение е поднесено во рокот и на пропишаниот образец од членот 94-б став 2 на овој закон и ставот 2 на овој член.

Кон барањето од ставот 2 на овој член странката поднесува копие од барањето од членот 94-б став 2 на овој закон."

Член 8

Во членот 95 се додава нов став 2, кој гласи:

"Правото на социјална парична помош се остварува од првиот ден на наредниот месец по поднесувањето на барањето."

Член 9

Прописите од членовите 94-б став 2 и 94-в став 2 на овој закон министерот ќе ги донесе најдоцна во рок од еден месец од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 10

Во членот 126 став 1 по алинејата 3 се додава нова алинеја 4, која гласи:

"- не донесе решение ( член 94-в став 3)."

Член 11

Се овластува Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за социјалната заштита.

Член 12

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а членот 5 ќе започне да се применува од 1 јануари 2009 година.

---

**L I G J**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN**
**E LIGJIT PËR MBROJTJE SOCIALE**

Neni 1

Në Ligjin për mbrojte sociale ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 50/1997, 16/2000, 17/2003, 65/2004, 62/2005, 111/2005, 40/2007 dhe 98/2008), në nenin 20-a alineja 2, ndryshon si vijon:

"-nuk ka kërkuar përkujdesje nga personi i cili është i detyruar të kujdeset për të në bazë të Ligjit për familje, përveç nëse qendra për punë sociale vërteton se personi, i cili sipas ligjit është i detyruar të kujdeset do të mbetej pa minimumin e mjeteve për ekzistencë, më të ulëta se lartësia ekzistuese e ndihmës në para të përcaktuar me këtë ligj,"

Në alinenë 4, pas fjalëve: "për trashëgimtar" shtohen fjalët: "në periudhë prej dy vjetësh para parashtrimit të kërkesës për realizimin e të drejtës për ndihmë të përhershme në para dhe mbrojte sociale në para;"

Neni 2

Në nenin 23 në paragrafin 2 pika në fund të fjalisë zëvendësohet me presje dhe shtohen fjalët: "ndihmë të njëhershme në para për foshnje të sapolindur, shtesë prindërore për fëmijë dhe asistencë ligjore për fëmijë në lartësi deri në 30% të rrogës mesatare të paguar për të punësuar në Republikën e Maqedonisë në vitin paraprak. "

Neni 3

Në nenin 29-v në paragrafin 2 pika në fund të fjalisë zëvendësohet me presje dhe shtohen fjalët: "ndihmë të njëhershme në para për foshnje të sapolindur, shtesë prindërore për fëmijë dhe asistencë ligjore për fëmijë në lartësi deri në 30% të rrogës mesatare të paguar për të punësuar në Republikën e Maqedonisë në vitin paraprak. "

Neni 4

Në nenin 34, pas paragrafit 4 shtohet paragraf i ri 5, si vijon:

"Me përjashtim të paragrafit 3 të këtij neni, shuma e ndihmës së njëhershme në para është 180.000 denarë për fëmijë ose për të ri pa prindër dhe pa përkujdesje prindërore, i cili pas moshës tetëmbëdhjetë vjeçare e lëshon entin ose familjen për përkujdesje për shkak të adaptimit të tij në ambientin social. "

Paragrafët 5, 6 dhe 7 bëhen paragrafë 6, 7 dhe 8.

Neni 5

Në nenin 62 alineja 3 ndryshon si vijon:

"- vendos për të drejtat e përcaktuara me Ligjin për mbrojtjen e fëmijëve, edhe atë; shtesë për fëmijë, shtesë të veçantë, ndihmë të njëfishtë në para për të sapolindur dhe shtesë prindërore për fëmijë;"

Neni 6

Në nenin 90, pas paragrafit 2 shtohet paragraf i ri 3, si vijon:

"Ministri me aktvendim formon komision për përgatitjen e ekspertizës, vlerësimit dhe mendimit për zgjidhje ndaj ankesës së deklaruar kundër aktvendimit të shkallës së parë me të cilin është refuzuar kërkesa për realizimin e të drejtës së ndihmës së përhershme në para dhe të drejtës në kompensim në para për ndihmë dhe përkujdesje nga personi tjetër."

Paragrafi 3 bëhet paragraf 4.

Neni 7

Pas nenit 94, shtohen tre nene të reja 94-a, 94-b dhe 94-v si vijojnë:

"Neni 94-a

Qendra lëshon vërtetim dhe certifikatë për statusin e shfrytëzuesit të mbrojtjes sociale në pajtim me evidencën zyrtare, në afat prej dhjetë ditësh nga dita e parashtrimit të kërkesës.

Neni 94-b

Qendra në procedurën për realizimin e të drejtës për ndihmë të njëhershme në para, ndihmës sociale në para dhe ndihmës në para personit i cili 18 vjet ka pasur statusin e fëmijës pa prindër dhe përkujdesje prindërore, është i detyruar të marrë aktvendim në afat prej 30 ditësh nga dita e parashtrimit të kërkesës me dokumentacionin e nevojshëm.

Formën dhe përmbajtje e formularëve të kërkesës dhe të dokumentacionit të nevojshëm për realizimin e të drejtave nga paragrafi 1 i këtij neni i përcakton ministri.

Neni 94-v

Pas skadimit të afatit nga neni 94-b paragrafi 1 i këtij ligji, parashtruesi i kërkesës në afat prej pesë ditësh ka të drejtë t'i parashtrojë kërkesë për marrjen e aktvendimit drejtorit të qendrës.

Formën dhe përmbajtjen e formularit të kërkesës nga paragrafi 1 i këtij neni e përcakton ministri.

Drejtori i qendrës në afat prej pesë ditësh nga pranimi i kërkesës, merr aktvendim ndaj kërkesës të paragrafit 1 të këtij neni me të cilën do të konstatojë se kërkesa është e pranuar, në bazë të të cilit pala do të realizojë të drejtën nga neni 94-b paragrafi 1 i këtij ligji.

Aktvendimin nga paragrafi 3 të këtij neni drejtori e merr atëherë kur paraprakisht do të vërtetojë se parashtresa nuk përmban mangësi formale, të gjitha dokumentet e përcaktuara janë parashtruar, ka kaluar afati për zgjidhje të përcaktuar në nenin 94-b paragrafi 1 i këtij ligji dhe kërkesa për marrjen e aktvendimit është parashtruar në afatin dhe në formularin e përcaktuar në nenin 94-b paragrafi 2 të këtij ligji dhe paragrafin 2 të këtij neni,

Me kërkesën nga paragrafi 2 të këtij neni pala parashtron kopje të kërkesës nga neni 94-b paragrafi 2 i këtij ligji."

Neni 8

Në nenin 95 shtohet paragraf 2, si vijon:

"E drejta e ndihmës sociale në para realizohet nga dita e parë e muajit të ardhshëm pas parashtrimit të kërkesës."

Neni 9

Dispozitat nga neni 94-b paragrafi 2 dhe nen 94-v paragrafi 2, ministri do t'i nxjerrë më së voni në afat prej një muaji nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 10

Në nenin 126 paragrafi 1, pas alinesë 3 shtohet aline e re 4, si vijon:

"nuk merr aktvendim (neni 94-v paragrafi 3)."

Neni 11

Autorizohet Komisioni juridiko-ligjdhënës i Kuvendit të Republikës së Maqedonisë të përcaktojë tekst të spastruar të Ligjit për mbrojtje sociale.

Neni 12

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë", ndërsa neni 5 do të fillojë të zbatohet nga 1 janari 2009.

---

**3314.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 19 декември 2008 година.

Бр. 07-5639/1
19 декември 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

Член 1

Во Законот за работните односи ("Службен весник на Република Македонија" број 62/2005 и 106/2008), во членот 67 став (2) точка 1 на почетокот пред зборот „плати" се додава зборот „нето", а во точката 3 зборот „редовен" се брише.

Член 2

Во членот 84 зборовите: „наместо откажување на договорот за вработување" и запирката пред нив се бришат, а пред зборот „плата" се додава зборот „нето".

Член 3

Во членот 97 став (1) точка 1 пред зборот „плата" се додава зборот „нето", а во точките 2, 3, 4, 5 и 6 пред зборот „плати" се додава зборот „нето".

Во ставот (2) пред зборот „плата" се додава зборот „нето", а зборовите: „платата врз основа на која се исплаќаат придонесите врз основа на која се исплаќаат придонесите за социјално и здравствено осигурување" се заменуваат со зборовите: „50% од просечната нето плата исплатена по работник во Републиката во последниот месец пред отказот".

Член 4

Во членот 113 пред ставот 1 се додава бројот „(1)“, пред ставот 2 се додава бројот „(2)“, а пред ставот 3 се додава бројот „(3)“.

Во ставот (1) точките 1 и 2 се бришат, а точките 3, 4, 5, 6 и 7 стануваат точки 1, 2, 3, 4 и 5.

Во ставот (3) по зборот „со“ се додаваат зборовите: „закон и“.

По ставот (3) се додаваат два нови става (4) и (5), кои гласат:

„(4) Работодавачот на свој трошок на работниците може да им организира превоз до и од работното место, како и исхрана за време на работа.

(5) Трошоците за исхрана од ставот 4 на овој член можат да изнесуваат најмногу до 20% од просечната нето плата по работник исплатена во претходната година, а трошоците за превоз во висина на стварните трошоци во јавниот собраќај.“

Член 5

Во насловот пред членот 241 и во членот 241 пред зборот „плата“ се додава зборот „нето“.

Член 6

Во членот 259 став (1) точка 5 по зборовите: „не води“ се додаваат зборовите: „неправилно води или злоупотребува“.

Ставот (2) се менува и гласи:

“Забраната од ставот (1) точка 1 на овој член трае 30 дена од денот на врачувањето на решението, за точкте 2, 3 и 5 до отстранување на неправилностите, а за точката 4 седум дена.”

Ставот (3) се менува и гласи:

“Ако работодавачот ги повтори неправилностите од ставот (1) точка1 на овој член, ќе му се изрече мерка забрана за вршење на дејност од една до пет години.”

Ставовите (4) и (5) се заменуваат со нов став (4), кој гласи:

”(4) Пријава за поведување на судска постапка во случајот од ставот (3) на овој член поднесува инспекторот на трудот.”

Член 7

Членот 263 се менува и гласи:

“(1) Против решението на инспекторот на трудот од членовите 258, 259 и 262 на овој закон може да се изјави жалба до министерот надлежен за работите од областа на трудот, во рок од осум дена од денот на приемот на решението.

(2) Жалбата против решението од членот 259 не го одложува извршувањето на решението.“

Член 8

Во членот 264 став (1) бројот „8.000“ се заменува со бројот „15.000“, во ставот (2) бројот „5.000“ се заменува со бројот „10.000“, а во ставот (3) бројот „1.000“ се заменува со бројот „7.000“.

Член 9

Во членот 266 се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Надлежен орган за изрекување на прекршочните санкции по ставот (1) од овој член е надлежниот суд.“

Член 10

Членот 266-а се менува и гласи:

„Прекршочен орган
266-а

(1) За прекршоците утврдени во членовите 264 и 265 од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува органот на државната управа надлежен за работите од областа на трудот (во натамошниот текст: Прекршочниот орган).

(2) Прекршочната постапка од ставот (1) на овој член пред прекршочниот орган ја води Комисија за одлучување по прекршок (во натамошниот текст: Прекршочната комисија).

(3) Прекршочната комисија одлучува по прекршоците утврдени во овој или друг закон и изрекува прекршочни санкции утврдени во овој закон или друг закон.

(4) Против одлуката за прекршок што ја донел Прекршочниот орган може да се поднесе тужба за поведување управен спор.“

Член 11

По членот 266-а се додаваат три нови члена 266-б, 266-в и 266-г, кои гласат:

„Формирање и работа на Прекршочна комисија
Член 266-б

(1) Прекршочна комисија формира министерот надлежен за работите од областа на трудот. Министерот може да формира повеќе прекршочни комисии кои ќе бидат надлежни за водење на прекршочна постапка за одделни области или за одделни подрачја на Република Македонија.

(2) Прекршочната комисија е составена од претседател и два члена од редот на државните службеници вработени во органот на државната управа надлежен за работите од областа на трудот. Претседателот на комисијата е дипломиран правник со положен правосуден испит.

(3) Прекршочната комисија се избира за време траење од три години со право на реизбор на членовите.

(4) Претседателот и член на Прекршочната комисија може да се разреши:

1) со истекот на времето за кое е именуван за член;

2) по негово барање;

3) со исполнување на условите за старосна пензија согласно со закон;

4) ако е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело;

5) ако му се утврди трајна неспособност;

6) ако се утврди прекршување на прописите за водење на прекршочна постапка со правосилна одлука;

7) ако не ги исполнува обврските кои произлегуваат од работењето во Прекршочната комисија и

8) ако не пријавил постоење конфликт на интерси за случај за кој решава Прекршочната комисија.

(5) Прекршочната комисија има право да изведува докази и собира податоци кои се неопходни за утврдување на прекршокот, како и да врши други работи и презема дејствија утврдени со овој закон, Закон за прекршоците или друг закон.

(6) Членовите на Прекршочната комисија се самостојни и независни во работата на Прекршочната комисија и одлучуваат врз основа на своето стручно знаење и самостојно убедување.

(7) Прекршочната комисија работи на седница, а одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

(8) Членовите на комисијата имаат право на награда за својата работа во Прекршочната комисија што ја определува министерот надлежен за работите од областа на трудот.

(9) Министерот надлежен за работите од областа на трудот донесува деловник и трошковник за работа на Комисијата за прекршоци.

(10) Прекршочната комисија води единствена евиденција на прекршоците, изречените санкции и донесените одлуки на начин пропишан од министерот надлежен за работите од областа на трудот.

Порамнување

Член 266-в

(1) За прекршоците утврдени во членовите 264 и 265 од овој закон, државниот инспектор за труд е должен на сторителот на прекршокот, пред да поднесе барање за прекршочна постапка да му предложи постапка за порамнување, согласно со овој или друг закон и Законот за прекршоците.

(2) Кога сторителот на прекршокот е согласен за поведување на постапка за порамнување, државниот инспектор за труд составува записник во кој се забележуваат битните елементи на прекршокот, времето, местото и начинот на сторување на прекршокот, описот на дејствието на прекршокот, лицата затекнати на самото место и издавањето на платен налог за плаќање на изречената глоба.

(3) Записникот и платниот налог ги потпишуваат државниот инспектор за труд и сторителот на прекршокот. Со потписот на приемот на платниот налог се смета дека сторителот се согласува да ја плати глобата, во рок од осум дена од денот на приемот на платниот налог, на сметка на органот назначен во платниот налог.

(4) Кога како сторител на прекршок се јавува правно лице, записникот и платниот налог го потпишува одговорното лице, односно лицето кое се нашло на лице место при инспекцискиот надзор или друго службено или одговорно лице кое изјавило дека има право да го потпише записникот и да го прими платниот налог.

(5) Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот од ставот (3) на овој член, ќе плати само половина од изречената глоба.

(6) Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од ставот (3) на овој член, државниот инспектор на труд ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка до прекршочниот орган.

Посредување

Член 266-г

(1) За прекршоците од членовите 264 и 265 на овој закон, државниот инспектор за труд на сторителот на прекршокот ќе му предложи постапка за посредување и постигнување согласност со која сторителот на прекршокот се обврзува да ја плати глобата, другите давачки и да ги отстрани последиците од прекршокот.

(2) Државниот инспектор на труд за случаите од ставот (1) на овој член составува записник во кој се констатира согласноста на двете страни за покренување на постапка за посредување на кој се потпишува и сторителот на прекршокот.

(3) Записникот од ставот (2) на овој член и барање за поведување постапка за посредување, државниот инспектор на труд во рок од три дена доставува до Комисијата за посредување.

(4) Постапката за посредување, врз основа на записник и трошковник се води пред Комисија за посредување формирана од министерот надлежен за работите од областа на трудот.

(5) Комисијата за посредување е составена од претседател и два члена од редот на државните службеници вработени во органот на државната управа надлежен за работите од областа на трудот. Претседателот на комисијата е дипломиран правник со положен правосуден испит.

(6) Претседателот на Комисијата за посредување е должен да ја започне постапката на комисијата во рок од 48 часа од денот кога е пристигнато барањето од ставот (3) на овој член.

(7) Комисијата работи на седница на која задолжително присуствуваат претставници на сторителот на прекршокот и државниот инспектор за труд.

(8) За склучената согласност со посредување се составува спогодба во која се констатира согласноста на двете страни.

(9) Во спогодбата се утврдуваат обврските на сторителот на прекршокот, а особено:

- висината и начинот на плаќање на глобата,
- висината и начинот на плаќање на другите давачки и трошоци и
- мерките кои треба да ги преземе сторителот со цел да се отстранат последиците од прекршокот.

(10) Во случаите во кои е постигната согласност со посредување, глобата на сторителот може да биде намалена за една половина од пропишаната глоба за прекршокот.

(11) Министерот надлежен за работите од областа на трудот донесува деловник и трошковник за работа на Комисијата за посредување.

(12) Членовите на Комисијата за посредување имаат право на награда за својата работа во комисијата што ја определува Министерот надлежен за работите од областа на трудот.

(13) Ако постапката за посредување не успее, Комисијата за посредување го известува државниот инспектор за труд да поднесе барање за поведување прекршочна постапка пред прекршочниот орган.

(14) Комисијта за посредување е должна да води евиденција за поведените постапки за посредување и за нивниот исход.“

ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Член 12

Се овластува Законодавно - правната комисија да утврди пречистен текст на Законот за работните односи.

Член 13

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

**L I G J**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR MARRËDHËNIE PUNE**

Neni 1

Në Ligjin për marrëdhënie pune ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 62/2005 dhe 106/2008), në nenin 67 paragrafi (2) pika 1 në fillim para fjalës "paguan" i shtohet fjala "neto", ndërsa në pikën 3 fjala "i rregullt" shlyhet.

Neni 2

Në nenin 84 fjalët: "në vend të anulimit të kontratës për punësim" dhe presja para tyre shlyhen , ndërsa para fjalës "paga" i shtohet fjala "neto".

Neni 3

Në nenin 97 paragrafi (1) në pikën 1 para fjalës "pagë" shtohet fjala "neto", ndërsa në pikat 2, 3, 4, 5 dhe 6 para fjalës "pagat" shtohet fjala "neto".

Në paragrafin (2) para fjalës "paga" shtohet fjala "neto", ndërsa fjalët: "paga në bazë të së cilës paguhen kontributet për sigurim social dhe shëndetësor", zëvendësohet me fjalët: "50% nga rroga mesatare neto e paguar për punëtor në Republikë në muajin e fundit para pezullimit".

Neni 4

Në nenin 113 para paragrafit të parë i shtohet numri "(1)", para paragrafit 2 shtohet numri "(2)", ndërsa para paragrafit 3 shtohet numri "(3)".

Në paragrafin (1) pikat 1 dhe 2 shlyhen , ndërsa pikat 3, 4, 5, 6 dhe 7 bëhen pika 1, 2, 3, 4 dhe 5.

Në paragrafin (3) pas fjalës “me” shtohen fjalët: “ligj dhe”.

Pas paragrafit (3) shtohen dy paragrafë të rinj (4) dhe (5) si vijon:

“(4) Punëdhënësi, me shpenzimet e veta punëtorëve mund t’u organizojë transport deri dhe prej vendit të punës, si dhe ushqim gjatë kohës së punës.

(5) Shpenzimet për ushqim për paragrafin 4 të këtij neni mund të paraqesin më së shumti deri në 20% nga rroga mesatare neto për punëtor e paguar në vitin paraprak, ndërsa shpenzimet për transport në lartësinë e shpenzimeve reale në komunikacionin publik”.

Neni 5

Në titullin para nenit 241 dhe në nenin 241 para fjalës ”pagë” shtohet fjala “neto”.

Neni 6

Në nenin 259 në paragrafin (1) pika 5 pas fjalëve: ”nuk mban” shtohen fjalët: ”mban në mënyrë të parregullt ose keqpërdor”.

Paragrafi (2) ndryshohet si vijon:

“Ndalesa e paragrafit (1) pika 1) të këtij neni zgjat 30 ditë nga dita e dorëzimit të aktvendimit, për pikat 2, 3 dhe 5 deri në eliminimin e parregullsive, ndërsa për pikën 4 shtatë ditë”.

Paragrafi (3) ndryshohet si vijon:

“Nëse punëdhënësi i përsërit parregullsitë nga paragrafi (1) pika 1 të këtij neni, do t’i shqiptohet masa ndalim për kryerjen e veprimtarisë prej një deri në pesë vjet.”

Paragrafët (4) dhe (5) zëvendësohen me paragraf të ri (4) si vijon:

“(4) Fletëparaqitje për ngritjen e procedurës gjyqësore në rastin e paragrafit (3) të këtij neni parashtron inspektori i punës”.

Neni 7

Neni 263 ndryshohet si vijon:

“(1) Kundër aktvendimit të inspektorit të punës nga nenet 258, 259 dhe 262 të këtij ligji mund t’i parashtrohet ankesë ministrit kompetent për punët nga sfera e punës, në afat prej tetë ditësh nga dita e pranimit të aktvendimit.

(2) Ankesa kundër aktvendimit nga neni 259 nuk e prolongon zbatimin e aktvendimit”.

Neni 8

Në nenin 264, paragrafi (1) numri “8.000” zëvendësohet me numrin “15.000”, në paragrafin (2) numri “5.000” me numrin “10.000”, ndërsa në paragrafin (3) numri “1.000” zëvendësohet me numrin “7.000”.

Neni 9

Në nenin 266 shtohet paragraf i ri (2) si vijon:

“(2) Organ kompetent për shqiptimin e sanksioneve për kundërvajtje sipas paragrafit (1) nga ky nen kompetent është gjyqi përkatës.”

Neni 10

Neni 266-a ndryshohet si vijon:

“Organi për kundërvajtje”

Neni 266-a

(1) Për kundërvajtjet e përcaktuara në nenin 264 dhe 265 të ketij ligji, procedurë për kundërvajtje mban edhe sanksion për kundërvajtje, shqipton organi i administratës shtetërore përgjegjës për punët nga sfera e punës (në tekstin e mëtejmë:

organi për kundërvajtje).

(2) Procedurën për kundërvajtje nga paragrafi (1) i këtij neni para organit për kundërvajtje e mban Komisioni për vendosje për kundërvajtjen (në tekstin e mëtejmë: Komisioni për kundërvajtje).

(3) Komisioni për kundërvajtje vendos për kundërvajtjet e përcaktuara në këtë ligj ose ligj tjetër dhe shqipton sanksione për kundërvajtje të përcaktuara në këtë ligj ose ligj tjetër.

(4) Kundër vendimit për kundërvajtje të cilën e marrë organi për kundërvajtje mund të parashtrohet ankesë për ngritjen e kontestit administrativ”.

Neni 11

Pas nenit 266-a shtohen tre nene të reja 266-b, 266-v dhe 266-g si vijon:

“Formimi dhe puna e komisionit për kundërvajtje

Neni 266-b

(1) Komisionin për kundërvajtje e formon ministri kompetent për punët nga sfera e punës. Ministri mund të formojë më tepër komisione për kundërvajtje, të cilat do jenë kompetente për mbajtjen e procedurës për kundërvajtje për sfera të veçanta ose për rajone të veçanta të Republikës së Maqedonisë.

(2) Komisioni për kundërvajtje përbëhet prej kryetarit dhe dy anëtarëve nga radhët e nëpunësve shtetërorë të punësuar në organin e administratës shtetërore kompetent për punët nga sfera e punës. Kryetari i komisionit është jurist i diplomuar me provimin e dhënë të jurisprudencës.

(3) Komisioni për kundërvajtje zgjidhet në kohëzgjatje prej tre vjetësh me të drejtë të rizgjedhjeve së anëtarëve.

(4) Kryetari dhe anëtar i Komisionit për kundërvajtje mund të shkarkohet:

1) me kalimin e afatit për të cilin është emëruar anëtar;

2) me kërkesën e tij;

3) me plotësimin e kushteve për pensionin e moshës në pajtim me ligjin;

4) nëse është dënuar me aktgjykim gjyqësor të plotfuqishëm për vepër penale;

5) nëse i verifikohet paaftësia e përhershme;

6) nëse verifikohet shkelja e dispozitave për mbajtjen e procedurës për kundërvajtje me vendim të plotfuqishëm;

7) nëse nuk i plotëson obligimet të cilat dalin nga puna në komisionin për kundërvajtje;

8) nëse nuk ka lajmëruar ekzistimin e konfliktit të interesave për rastin për të cilin vendos komisioni për kundërvajtje.

(5) Komisioni për kundërvajtje ka të drejtë të nxjerrë dëshmi dhe të mbledhë të dhëna që janë të domosdoshme për verifikimin e kundërvajtjes, si dhe të kryejë punë tjera dhe të ndërmarrë veprime të përcaktuara me këtë ligj, Ligjin për kundërvajtjet ose me ligj tjetër.

(6) Anëtarët e Komisionit për kundërvajtje janë të mëvetësishëm dhe të pavarur në punën e komisionit për kundërvajtje dhe vendosin në bazë të njohurive të tyre profesionale dhe bindjes vetjake.

(7) Komisioni për kundërvajtje punon në mbledhje, ndërsa vendos me shumicë votash nga numri i përgjithshëm i anëtarëve.

(8) Anëtarët e komisionit kanë të drejtë shpërblimi për punën e tyre në komisionin për kundërvajtje të cilin e cakton ministri kompetent për punët në sferën e punës.

(9) Ministri kompetent për punët nga sfera e punës miraton Rregulloren dhe listën e shpenzimeve për punën e komisionit për kundërvajtje.

(10) Komisioni për kundërvajtje mban evidencën e vetme të kundërvajtjeve, sanksioneve të shqiptuara dhe vendimeve të marra në mënyrë të përcaktuar nga ministri kompetent për punët nga sfera e punës.

BARAZIMI

Neni 266-v

(1) Për kundërvajtjet e verifikuara në nenet 264 dhe 265 të këtij ligji, inspektori shtetëror i punës është i obliguar që kryerësit të kundërvajtjes, para se të

parashtrojë kërkesë për procedurë për kundërvajtje t'i propozojë procedurë për barazimin, në pajtim me këtë ligj ose ligj tjetër dhe me Ligjin për kundërvajtje.

(2) Kur kryerësi i kundërvajtjes pajtohet për ngritjen e procedurës për barazim, inspektori shtetëror i punës përgatit procesverbal në të cilin shënohen elementet qenësore të kundërvajtjes, koha, vendi dhe mënyra e kryerjes së kundërvajtjes, përshkrimi i veprimit të kundërvajtjes, personat e ndodhur në vendngjarje dhe dhënia e urdhërpagesës për pagesën e gjobës së shqiptuar.

(3) Procesverbalin dhe urdhërpagesës i nënshkruajnë inspektori shtetëror i punës dhe kryerësi i kundërvajtjes. Me nënshkrimin e pranimit të urdhërpagesës konsiderohet se kryerësi pajtohet ta paguajë gjobën, në afat prej tetë ditësh nga dita e pranimit të urdhërpagesës, në llogari të organit të caktuar në urdhërpagesë.

(4) Kur si kryerës i kundërvajtjes paraqitet personi juridik, procesverbalin dhe urdhërpagesën e nënshkruan personi përgjegjës, gjegjësisht personi i cili ka ndodhur në vendngjarje gjatë mbikëqyrjes inspektuese ose person tjetër zyrtar ose person përgjegjës, i cili ka deklaruar se ka të drejtë ta nënshkruajë procesverbalin dhe ta pranojë urdhërpagesën.

(5) Kryerësi i cili do ta paguajë gjobën në afatin e paragrafit (3) të këtij neni, do ta paguajë vetëm gjysmën e gjobës së shqiptuar.

(6) Nëse kryerësi nuk e paguan gjobën në afatin nga paragrafi (3) të këtij neni, inspektori shtetëror i punës do t'i paraqesë kërkesë për ngritjen e procedurës për kundërvajtje organit për kundërvajtje.

Ndërmjetësimi

Neni 266-g

(1) Për kundërvajtjet nga nenet 264 dhe 265 të këtij ligji, inspektori shtetëror i punës kryerësit të kundërvajtjes do t'i propozojë procedurë për ndërmjetësim dhe arritjen e pëlqimit me të cilin kryerësi i kundërvajtjes obligohet ta paguajë gjobën, detyrimet tjera dhe t'i eliminojë pasojat nga kundërvajtja.

(2) Inspektori shtetëror i punës për rastet nga paragrafi (1) të këtij neni përpilon procesverbal në të cilin do të konstatohet pëlqim i të dyja palëve për ngritjen e procedurës për ndërmjetësim në të cilin nënshkruhet edhe kryerësi i kundërvajtjes.

(3) Procesverbalin nga paragrafi (2) i këtij neni dhe kërkesën për ngritjen e procedurës për ndërmjetësim, inspektori shtetëror i punës në afat prej tri ditësh ia dorëzon komisionit për ndërmjetësim.

(4) Procedura për ndërmjetësim, në bazë të procesverbalit dhe listës së shpenzimeve mbahet para komisionit për ndërmjetësim të formuar nga ministri kompetent për punët nga sfera e punës.

(5) Komisioni për ndërmjetësim përbëhet nga kryetari dhe dy anëtarë nga radhët e nëpunësve shtetërorë të punësuar në organin e administratës shtetërore për punët nga sfera e punës. Kryetari i Komisionit është jurist i diplomuar me provimin e dhënë të jurisprudencës.

(6) Kryetari i komisionit për ndërmjetësim është i obliguar ta fillojë procedurën e komisionit në afat prej 48 orësh nga dita e arritjes së kërkesës nga paragrafi (3) të këtij neni.

(7) Komisioni punon në mbledhje në të cilën është e domosdoshme pjesëmarrja e përfaqësuesve të kryerësit të kundërvajtjes dhe inspektorit të punës.

(8) Për pajtimin e kontraktuar me ndërmjetësim përpilohet marrëveshje në të cilën konstatohet pajtueshmëria nga të dy palët.

(9) Në marrëveshje përcaktohen obligimet e kryerësit të kundërvajtjes, e sidomos:

- lartësia dhe mënyra e pagesës së gjobës;
- lartësia dhe mënyra e pagesës së detyrimeve dhe shpenzimeve të tjera;
- masat të cilat duhet t'i ndërmarrë kryerësi me qëllim të evitimit të pasojave e nga kundërvajtja.

(10) Në rastet në të cilat është arritur pajtueshmëri me ndërmjetësim, gjoba e kryerësit mund të zvogëlohet për gjysmën e gjoba së përcaktuar për kundërvajtjen.

(11) Ministri kompetent për punët nga sfera e punës miraton rregulloren dhe listën e shpenzimeve për punën e komisionit për ndërmjetësim.

(12) Anëtarët e komisionit për ndërmjetësim kanë të drejtë për shpërblim për punën e tyre në komision të cilin e përcakton ministri kompetent për punët nga sfera e punës.

(13) Nëse procedura për ndërmjetësim nuk ka sukses, komisioni për ndërmjetësim e informon inspektorin shtetëror për punë që të paraqesë kërkesë për ngritjen e procedurës për kundërvajtje para organit për kundërvajtje.

(14) Komisioni për ndërmjetësim është i obliguar të mbajë evidencë për procedurat e ngritura për ndërmjetësim dhe për përfundimin e tyre."

DISPOZITAT KALIMTARE

Neni 12

Autorizohet Komisioni juridiko-ligjdhënës të verifikojë tekstin e spastruar të Ligjit për marrëdhënie pune.

Neni 13

Ky ligj hyn në fuqi me ditën e botimit në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**3315.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 22 декември 2008 година.

Бр. 07-5648/1
22 декември 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за пензиското и инвалидското осигурување ("Службен весник на Република Македонија" број 80/93, 3/94, 14/95, 71/96, 32/97, 24/2000, 96/2000, 50/2001, 85/2003, 50/2004, 4/2005, 84/2005, 101/2005, 70/2006 и 153/2007), во членот 11, став 1 точката 7 се менува и гласи:

"самовработените лица - физички лица кои вршат самостојна економска дејност или професионална и друга интелектуална услуга од која остваруваат приход, во согласност со закон;".

Точката 13 се брише.

Член 2

Во членот 19 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи: "За определување на пензиска основа, покрај месечниот просек на плати се зема и надоместокот на плати, односно паричниот надоместок во случај на невработеност."

Ставовите 2 и 3 стануваат ставови 3 и 4.

Член 3

Членот 24 се менува и гласи:

"За времето на привремена спреченост од работа поради болест и повреда, односно за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство, за утврдување на пензиската основа се зема надоместокот на плата.

Надоместокот на плата од ставот 1 на овој член се валоризира со коефициент со кој се валоризираат платите за таа година."

Член 4

Во членот 25 став 1 по зборот "трудот" зборовите до крајот на реченицата се заменуваат со зборовите: "во случај на професионална рехабилитација, се зема паричниот надоместок".

Ставот 2 се менува и гласи: "Паричниот надоместок се валоризира со коефициент со кој се валоризираат платите за таа година."

Член 5

Членот 33-а се брише.

Член 6

Во членот 45 ставот 3 се брише.

Член 7

Во членот 46 став 1 зборовите: "правосилното решение" се заменуваат со зборовите: "конечноста на решението".

Член 8

Во членот 122 став 1 точката 1 се брише.

Член 9

Со овој закон се уредува мирувањето на обврските за плаќање на пристигнатите, а неплатени придонеси за задолжително здравствено осигурување, како и отпишувањето на обврски по основ на неплатени придонеси за задолжително здравствено осигурување.

Член 2

Поимите кои се користат во овој закон го имаат следново значење:

1. Осигуреник е физичко лице кое е осигурено согласно со прописите со кои се уредува здравственото осигурување;

2. Обврзник за плаќање на придонеси е осигуреникот во чие име и за чија сметка се плаќаат придонесите и

3. Обврзник за пресметка и уплата на придонеси е правно, физичко лице или државен орган кој има обврска за пресметување, задржување и уплата на придонесот за задолжително здравствено осигурување.

Член 3

(1) Обврската за плаќање на долгот по основ на придонеси за задолжително здравствено осигурување која е пристигната до 31 октомври 2008 година, а не е платена, мирува во периодот од 1 јануари 2009 до 31 декември 2012 година (во натамошниот текст: период на мирување), под услови утврдени со овој закон.

(2) Во периодот од ставот (1) на овој член мирува пристигнатиот, а неплатениот долг по основ на придонеси за задолжително здравствено осигурување, како и износот на каматата која е пристигната, а неплатена за придонесите (во натамошниот текст: долг кој мирува), со состојба на 31 октомври 2008 година.

Член 4

Во периодот на мирување за долгот кој мирува не се пресметува камата, ниту се поведуваат постапки за присилно извршување на долговите, освен ако со овој закон поинаку не е уредено.

Член 5

Обврзникот за пресметка и уплата на придонеси е должен за целиот период на мирување да ги плаќа тековните обврски во согласност со законот со кој се уредуваат придонесите за задолжително здравствено осигурување.

Член 6

На обврзникот за пресметка и уплата на придонеси кој ги плаќал тековните обврски од членот 5 на овој закон, во износ и рок утврдени со закон, почнувајќи од 1 јануари 2013 година му се отпишува во целост долгот од членот 3 став (2) на овој закон.

Член 7

(1) Во случај обврзникот за пресметка и уплата на придонеси да не ги пресметува и уплаќа тековните обврски од членот 5 на овој закон два месеца последователно, надлежниот орган поведува постапка за наплата на долгот кој мирува согласно со закон.

(2) На износот на долгот од ставот (1) на овој член се пресметува камата за периодот во кој долгот мирувал.

Член 8

Постапката за утврдување на мирувањето на долгот по основ на придонеси, како и постапката за отпишување на долгот започнуваат врз основа на писмени барања на обврзникот за пресметка и уплата на придонеси.

Член 9

(1) Барањето за утврдување на мирување на долгот по основ на придонеси од членот 8 на овој закон се поднесува во рок од 45 дена од влегувањето во сила на овој закон во Фондот за здравствено осигурување на

Македонија, со податоци за износот на пресметаниот, а неплатениот придонес кој пристигнал до 31 октомври 2008 година.

(2) Со поднесување на барањето од ставот (1) на овој член, се смета дека обврзникот за пресметка и уплата на придонесот го признава главниот долг и каматата по основ на неплатени придонеси.

(3) Кон барањето обврзникот за пресметка и уплата на придонеси приложува изјава заверена на нотар, со која прифаќа обврска за надомест на трошоците настанати по повод поведена, а незавршена судска постапка за наплата на долгот по основ на придонеси и камата од страна на Фондот.

(4) Покрај податоците од ставот (1) на овој член, подносителот на барање кој има вработени (работодавач) е должен да приложи список на осигуреници за кои не е уплатен придонес.

(5) Списокот на осигуреници од ставот (4) на овој член содржи лични податоци на осигуреникот, податоци за престојувалиштето, односно живеалиштето, податоци за периодот за кој не се уплатени придонесите, како и податоци за висината на неплатените придонеси збирно за сите осигуреници, како и поединечно за секој осигуреник, а кои пристигнале до 31 октомври 2008 година.

(6) Формата и содржината на обрасците на барањата, како и листата за евиденција ги пропишува министерот за финансии во рок од десет дена од влегувањето во сила на овој закон.

Член 10

(1) Фондот за здравствено осигурување на Македонија врши проверка на податоците кои ги доставил обврзникот за пресметка и уплата на придонеси и носи решенија со кои се утврдува мирувањето на долгот по основ на придонеси од членот 3 став (2) на овој закон и висината на долгот по таа основа, како и решение за отпишување на долгот по исполнување на условите од членот 6 на овој закон.

(2) За обврзникот за пресметка и уплата на придонеси кој има вработени (работодавач) се носи збирно решение кое содржи вкупен износ на долгот на тој обврзник за пресметка и уплата на придонеси и износот на вкупниот поединечен долг за секој осигуреник наведен во списокот од членот 9 став (2) на овој закон.

(3) Решенијата од ставот (1) на овој член се доставуваат до подносителот на барањето.

(4) Решенијата од ставот (1) на овој член се извршни исправи.

(5) Подносителот на барањето кој не е задоволен од решенијата од ставот (1) на овој член има право да заведе управен спор пред надлежниот суд.

Член 11

(1) Фондот за здравствено осигурување на Македонија води посебна евиденција за секој обврзник за пресметка и уплата на придонеси за кого е донесено решението од членот 10 на овој закон.

(2) Во евиденцијата на ставот (1) на овој член се водат податоци за обврзникот за пресметка и уплата на придонеси, осигурениците за кои мирува обврската од решенијата по основ на придонесите од членот 10 на овој закон, износот на долгот по основ на придонесите кои пристигнале до 31 октомври 2008 година, како и други податоци кои се потребни за водење на евиденција.

(3) Начинот и постапката за водењето на евиденцијата ја пропишува министерот за финансии во рок од 15 дена од влегувањето во сила на овој закон.

Член 12

Доколку во периодот на мирување на долгот врз обврзникот за пресметка и уплата на придонеси започне стечај, ликвидација или бришење од соодветниот регистер согласно со закон, Фондот за здравствено осигурување на Македонија има право да го пријави побарувањето утврдено со решението од членот 10 на овој закон заедно со пресметана камата на износот за периодот на мирување.

Член 13

Во периодот на мирување осигуреникот, за кој се плаќаат тековните обврски по основ на придонеси за задолжително здравствено осигурување, ги остварува правата од задолжителното здравствено осигурување, освен правата на парични надоместоци кои се однесуваат на период за кој не е платен придонесот за задолжителното здравствено осигурување.

Член 14

(1) Обврските за плаќање на долгот од членот 3 став (1) на овој закон за кои е донесена правосилна судска одлука или е склучена судска спогодба, а ќе бидат пријавени согласно со членовите 8 и 9 од овој закон, мируваат согласно со членот 3 од овој закон.

(2) Доколку обврзникот за пресметка и уплата на придонеси постапува согласно со членот 6 на овој закон, обврските од ставот (1) на овој закон ќе бидат отпишани со решение за отпишување на долг.

(3) Решението од ставот (2) на овој член, по исполнување на условите од овој закон, го донесува Фондот за здравствено осигурување на Македонија по претходно барање за отпишување на обврските кои мирувале, поднесено од страна на обврзникот за пресметка и уплата на придонеси.

(4) Обврските за плаќање на долгот од членот 3 став (1) на овој закон, за кои е донесено решение согласно со членот 10 на овој закон, а за кои е во тек судска постапка, врз основа на признанието на обврзникот од членот 9 ставови (2) и (3) на овој закон, Фондот ќе го повлече тужбеното барање, а висината на трошоците за судската постапка ќе ја утврди судот.

Член 15

Обврзникот за пресметка и уплата на придонеси кој нема да поднесе барање согласно со одредбите од овој закон, или нема да поднесе барање во предвидениот рок нема да се стекне со правата уредени со овој закон.

Член 16

На постапката за остварување на правата утврдени со овој закон соодветно се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка.

Член 17

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

# L I G J
# PËR PEZULLIMIN DHE SHLYERJEN E DETYRIMEVE NË BAZË TË KONTRIBUTEVE PËR SIGURIM TË OBLIGUESHËM SHËNDETËSOR

Neni 1

Me këtë ligj rregullohet pezullimi i obligimeve për pagesën e kontributeve të maturuara, por të papaguara për sigurim të obligueshëm shëndetësor, si dhe shlyerja e obligimeve në bazë të kontributeve të papaguara për sigurim të obligueshëm shëndetësor.

Neni 2

Nocionet të cilat shfrytëzohen në këtë ligj kanë kuptimin vijues:

1. I siguruari është person fizik, që është siguruar në pajtueshmëri me dispozitat me të cilat rregullohet sigurimi shëndetësor;
2. Obligues për pagesën e kontributeve është i siguruari në emër dhe në llogari të të cilit paguhen kontributet;
3. Obligues për llogaritjen dhe pagesën e kontributeve është person juridik, person fizik ose organ shtetëror, i cili ka obligim për llogaritjen, ndalesën dhe pagesën e kontributit për sigurim të obligueshëm shëndetësor.

Neni 3

(1) Obligimi për pagesën e borxhit në bazë të kontributeve për sigurim të obligueshëm shëndetësor, i cili ka arritur deri më 31 tetor 2008, ndërsa nuk është paguar, pezullohet në periudhën prej 1 janar 2009 deri më 31 dhjetor 2012 (në tekstin e mëtutjeshëm: periudhë e pezullimit), nën kushte të përcaktuara me këtë ligj.

(2) Në periudhën nga paragrafi (1) i këtij neni pezullohet borxhi i arritur, por i papaguar në bazë të kontributeve për sigurim të obligueshëm shëndetësor, si dhe shuma e kamatës e cila ka arritur, por e pa paguar për kontributet (në tekstin e më tejmë: borxh i cili pezullohet), me gjendjen e 31 tetorit 2008.

Neni 4

Në periudhën e pezullimit, për borxhin i cili është në pezullim nuk llogaritet kamata, as që ngrihen procedura për ekzekutimin e detyrueshëm të borxhit, përveç nëse me këtë ligj nuk është rregulluar ndryshe.

Neni 5

Obliguesi për llogaritjen dhe pagesën e kontributeve është i detyruar që për tërë periudhën e pezullimit t'i paguajë obligimet rrjedhëse në pajtueshmëri me ligjin me të cilin rregullohen kontributet për sigurim të obligueshëm shëndetësor.

Neni 6

Obliguesit për llogaritjen dhe pagesën e kontributeve, i cili i ka paguar obligimet rrjedhëse nga neni 5 i këtij ligji, në shumë dhe në afat të përcaktuar me ligj, duke filluar prej 1 janarit 2013 i shlyhet në tërësi borxhi nga neni 3 paragrafi 2 i këtij ligji.

Neni 7

(1) Në rast se obliguesi për llogaritjen dhe pagesën e kontributeve nuk i llogarit dhe paguan obligimet rrjedhëse nga neni 5 i këtij ligji dy muaj të njëpasnjëshëm, organi kompetent ngrit procedurë për pagesën e borxhit, i cili pezullohet në pajtueshmëri me ligjin.

(2) Shumës së borxhit nga paragrafi (1) i këtij ligji i llogaritet kamata për periudhën në të cilën borxhi është pezulluar.

Neni 8

Procedura për verifikimin e pezullimit të borxhit në bazë të kontributeve, si dhe procedura për shlyerjen e borxhit fillojnë në bazë të kërkesave me shkrim të obliguesit për llogaritjen dhe pagesën e kontributeve.

Neni 9

(1) Kërkesa për verifikimin e pezullimit të borxhit në bazë të kontributeve nga neni 8 të këtij ligji parashtrohet në afat prej 45 ditësh nga hyrja në fuqi e këtij ligji në Fondin për sigurim shëndetësor të Maqedonisë, me të dhëna për shumën e kontributit të llogaritur, e të papaguar, i cili ka arritur deri më 31 tetor të vitit 2008.

(2) Me parashtresën e kërkesës nga paragrafi (1) i këtij neni, konsiderohet se obliguesi për llogaritjen dhe pagesën e kontributit e pranon borxhin kryesor dhe kamatën në bazë të kontributeve të papaguara.

(3) Me kërkesën, obliguesi për llogaritjen dhe pagesën e kontributeve bashkëngjit deklaratë të verifikuar në notar, me të cilën pranon obligimin për kompensimin e harxhimeve të krijuara për shkak të procedurës së ngritur, por të papërfunduar gjyqësore për pagesën e borxhit në bazë të kontributeve dhe kamatave nga ana e Fondit.

(4) Përkrah të dhënave nga paragrafi (1) i këtij ligji, parashtruesi i kërkesës, i cili ka të punësuar (punëdhënësi) është i obliguar të dorëzojë listën e të siguruarve për të cilët nuk është paguar kontributi.

(5) Lista e të siguruarve nga paragrafi (4) të këtij neni përmban: të dhëna personale të të siguruarit, të dhëna për vendqëndrimin, gjegjësisht vendbanimin, të dhëna për periudhën për të cilën nuk janë paguar kontributet, si dhe të dhëna për lartësinë e kontributeve të papaguara në total për të gjithë të siguruarit, si dhe veças për çdo të siguruar, e të cilat kanë arritur deri më 31 tetor 2008.

(6) Formën dhe përmbajtjen e formularëve të kërkesave, si dhe listën e evidentimeve e përcakton ministri i Financave në afat prej dhjetë ditësh nga hyrja në fuqi e këtij ligji.

Neni 10

(1)Fondi për sigurim shëndetësor i Maqedonisë bën kontrollimin e të dhënave, të cilat i ka dorëzuar obliguesi për llogaritjen dhe pagesën e kontributeve dhe miraton aktvendime me të cilat verifikohet pezullimi i borxhit në bazë të kontributeve nga neni 3 paragrafi (2) i këtij ligji dhe lartësisë së borxhit në këtë bazë, si dhe aktvendim për shlyerjen e borxhit pas plotësimit të kushteve nga neni 6 i këtij ligji.

(2) Për të obliguarin e llogaritjes dhe pagesës së kontributeve, i cili ka të punësuar (punëdhënësi) miratohet aktvendim përmbledhës, i cili përmban shumën e përgjithshme të borxhit të atij të obliguari për llogaritjen dhe pagesën e kontributeve dhe të shumës së përgjithshme të borxhit individual për secilin person të siguruar të regjistruar në listën nga neni 9 paragrafi (2) i këtij ligji.

(3) aktendimet nga paragrafi (1) i këtij neni i dorëzohet parashtruesit të kërkesës.

(4) Aktendimet nga paragrafi (1) i këtij neni janë dokumente ekzekutive.

(5) Parashtruesi i kërkesës, i cili nuk është i kënaqur me aktvendimet nga paragrafi (1) i këtij neni, ka të drejtë të ngritë kontest administrativ para gjyqit kompetent.

Neni 11

(1) Fondi për sigurim shëndetësor i Maqedonisë mban evidencë të posaçme për secilin obligues për llogaritjen dhe pagesën e të ardhurave për të cilin është marrë aktvendim nga neni 10 i këtij ligji.

(2) Në evidencën e paragrafit (1) të këtij neni mbahen të dhëna për: obliguesin për llogaritjen dhe pagesën e kontributeve, të siguruarve për të cilët pezullohet obligimi nga aktvendimet në bazë të kontributeve nga neni 10 të këtij ligji, shuma e borxhit në bazë të kontributeve që kanë arritur deri më 31 tetor 2008, si dhe të dhëna të tjera që janë të nevojshme për mbajtjen e evidencës.

(3) Mënyrën dhe procedurën për mbajtjen e evidencës e përcakton ministri i Financave në afat prej 15 ditësh nga hyrja në fuqi e këtij ligji.

Neni 12

Në rast se në periudhën e pezullimit të borxhit ndaj obliguesit për llogaritjen dhe pagesën e kontributeve fillon falimentimi, likuidimi ose shlyerja nga regjistri adekuat në pajtim me ligjin, Fondi për sigurim shëndetësor i Maqedonisë ka të drejtë ta paraqesë kërkesën e verifikuar me aktvendimin nga neni 10 i këtij ligji, së bashku me kamatën e llogaritur të shumës për periudhën e pezullimit.

Neni 13

Në periudhën e pezullimit, i siguruari për të cilin paguhen obligimet rrjedhëse në bazë të kontributeve për sigurim shëndetësor të obligueshëm, i realizon të drejtat nga sigurimi i obligueshëm shëndetësor, përveç të drejtave për kompensime në para që kanë të bëjnë me periudhën për të cilën nuk është paguar kontributi për sigurim të obligueshëm shëndetësor.

Neni 14

(1) Obligimet për pagesën e borxhit nga neni 3 paragrafi 1 i këtij ligji, për të cilat është miratuar vendim i plotfuqishëm gjyqësor ose është lidhur marrëveshje gjyqësore, ndërsa do të paraqiten në pajtueshmëri me nenin 8 dhe 9 të këtij ligji, pezullohen në pajtueshmëri me nenin 3 të këtij ligji.

(2) Nëse obliguesi për llogaritjen dhe pagesën e kontributeve vepron në pajtim me nenin 6 të këtij ligji, obligimet nga paragrafi (1) të këtij ligji do të shlyhen me aktvendim për shlyerjen e borxhit.

(3) Aktvendimin nga paragrafi (2) i këtij ligji, pas përmbushjes së kushteve këtij ligji e merr Fondi për sigurim shëndetësor i Maqedonisë sipas kërkesës paraprake për shlyerjen e obligimeve që janë pezulluar të parashtruar nga ana e obliguesit për llogaritjen dhe pagesën e kontributeve.

(4) Obligimet për pagesën e borxhit nga neni 3 paragrafi (1) i këtij ligji, për të cilat është marrë aktvendim në pajtueshmëri me nenin 10 të këtij ligji, e për të cilët është në rrjedhë procedura gjyqësore, në bazë të njohjes së obliguesit nga neni 9 paragrafi (2) dhe (3) të këtij ligji, Fondi do ta tërheqë kërkesën për aktpadi, kurse lartësinë e harxhimeve për procedurën gjyqësore do ta vërtetojë gjyqi.

Neni 15

Obliguesi për llogaritjen dhe pagesën e kontributeve, i cili nuk do të parashtrojë kërkesë në pajtueshmëri me dispozitat e këtij ligji, ose nuk do të parashtrojë kërkesë në afatin e paraparë, nuk do të fitojë të drejtat e përcaktuara me këtë ligj.

Neni 16

Ndaj procedurës për realizimin e të drejtave të përcaktuara me këtë ligj, në mënyrë përkatëse zbatohen dispozitat e Ligjit për procedurën e përgjithshme administrative.

Neni 17

Ky ligj hyn në fuqi me ditën e shpalljes në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**3329.**

Врз основа на член 41 став 3 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија” бр. 42/2001, 5/2003, 58/2006 и 110/2008), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 24 декември 2008 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИСПРАЌАЊЕ НА ПРИПАДНИК НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА УЧЕСТВО ВО МИРОВНАТА ОПЕРАЦИЈА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА ЕУФОР, АЛТЕА

1. За учество во мировната операција на Еворпската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, Алтеа се испраќа еден припадник на Армијата на Република Македонија (во натамошниот текст: Армијата), правен советник-офицер, во Командата на ЕУФОР во Сараево.

2. Припадникот на Армијата од точката 1 на оваа одлука, се испраќа за период од шест месеца, сметано од 1 јануари 2009 година.

3. Финансиските трошоци за транспорт, сместување, исхрана, гориво и итна медицинска заштита на припадникот на Армијата од точката 1 на оваа одлука, ги обезбедува Република Македонија.

4. Подготовките и организацијата и учеството во мировната операција ќе ги изврши Министерството за одбрана.

5. По завршувањето на учеството во мировната операција, Владата на Република Македонија поднесува извештај пред Собранието на Република Македонија.

6. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-5719/1
24 декември 2008 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

---

**3330.**

Врз основа на член 41 став 3 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија” број 42/2001, 5/2003, 58/2006 и 110/2008), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 24 декември 2008 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИСПРАЌАЊЕ НА ЕДИНИЦА НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА УЧЕСТВО ВО МИРОВНАТА ОПЕРАЦИЈА ВО АВГАНИСТАН

1. За учество во мултинационалниот оперативно менторски тим и тим за врски (ОМЛТ) во мировната операција ИСАФ во Авганистан, се испраќаат тројца припадници на Армијата на Република Македонија (двајца офицери и еден подофицер).

2. Припадниците на Армијата на Република Македонија од точката 1 на оваа одлука, се испраќаат за период од шест месеца, сметано од јануари 2009 година.

3. Финансиските трошоци за транспорт, сместување, исхрана, гориво и итна медицинска заштита на учесниците во мировната операција од точката 1 на оваа одлука, ги обезбедува Република Македонија.

4. Подготовките и организацијата на учесниците во мировната операција ќе ги изврши Министерството за одбрана.

5. По завршувањето на учеството во мировната операција, Владата на Република Македонија поднесува извештај пред Собранието на Република Македонија.

6. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-5720/1
24 декември 2008 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

---

**3331.**

Врз основа на член 41 став 3 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија" бр. 42/2001, 5/2003, 58/2006 и 110/2008), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 24 декември 2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИСПРАЌАЊЕ НА ЕДИНИЦА НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА УЧЕСТВО ВО МИРОВНА ОПЕРАЦИЈА ВО АВГАНИСТАН**

1. За учество во мировната операција во состав на Меѓународните сили за безбедносна поддршка на Авганистан - ИСАФ, се испраќа единица на Армијата на Република Македонија, и тоа:

- една механизирана пешадиска чета, во состав од сто и педесет припадници на постојаниот состав на Армијата на Република Македонија, и тоа: осум офицери, дваесет и седум подофицери и сто и петнаесет професионални војници, во состав на британскиот контигент,

- тројца припадници на Армијата на Република Македонија (двајца офицери и еден подофицер), за работа во мултинационалните команди на ИСАФ во Кабул и материјално-технички средства, и тоа:

- седум оклопни транспортери марка Хермелин, за потребите за спроведувањето на мисијата.

2. Единицата на Армијата на Република Македонија од точката 1 на оваа одлука се испраќаат за период од шест месеца, сметано од јануари 2009 година.

3. Финансиските трошоци за транспорт на учесниците во мировната операција од точката 1 на оваа одлука, ги обезбедува Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, а останатиот дел од трошоците ги обезбедува Република Македонија.

4. Подготовките и организацијата на учесниците во мировната операција ќе ги изврши Министерството за одбрана.

5. По завршувањето на учеството во мировната операција, Владата на Република Македонија поднесува извештај пред Собранието на Република Македонија.

6. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-5721/1
24 декември 2008 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

## ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3332.**

**УКАЗ БР. 40**
22 декември 2008 година

Врз основа на член 84, алинеја 8 од Уставот на Република Македонија

**СЕ ОДЛИКУВА**

**АНСАМБЛОТ ЗА НАРОДНИ ИГРИ И ПЕСНИ НА МАКЕДОНИЈА „ТАНЕЦ"**

**со ОРДЕН ЗА ЗАСЛУГИ ЗА МАКЕДОНИЈА**

за особени заслуги во зачувувањето и негувањето на македонското фолклорно творештво и долгогодишно успешно презентирање на уметничките вредности на народните игри и песни во земјата и светот, со што даде исклучителен придонес за афирмација на македонското културно наследство.

Бр. 10-1111
22 декември 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

---

**3333.**

**УКАЗ БР. 41**
22 декември 2008 година

Врз основа на член 84, алинеја 8 од Уставот на Република Македонија

**СЕ ОДЛИКУВА**

**ЖЕНСКОТО ДРУШТВО „ЖИВОТНА ИСКРА"**

**со МЕДАЛ ЗА ЗАСЛУГИ ЗА МАКЕДОНИЈА**

за исключителен придонес во областа на превенцијата и заштитата од малигни заболувања, особено за организирање и спроведување на активности за унапредување на здравјето кај жените и подигнување на свеста за навремено откривање и современ третман на карциномот на дојката.

Бр. 10-1112
22 декември 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

---

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3334.**

Врз основа на член 95, став 1 од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/04, 14/06 и 84/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16.12.2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРИФАТЛИВОСТА НА ПРЕДЛОГОТ ЗА ПОВТОРНО ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЛОКАЛИТЕТОТ ЛОКВИ-ГОЛЕМО КОЊАРИ ЗА ЗАШТИТЕНО ПОДРАЧЈЕ ВО КАТЕГОРИЈАТА СТРОГ ПРИРОДЕН РЕЗЕРВАТ**

Член 1

Со оваа одлука се прифаќа предлогот за повторно прогласување на локалитетот Локви – Големо Коњари за заштитено подрачје во категоријата Строг природен резерват.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-6412/1
16 декември 2008 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**3335.**

Врз основа на член 16, став 2 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16.12.2008 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ЛОВЦИ „НЕРЕЗ“

Член 1

Со оваа одлука на Министерството за одбрана му престанува користењето на недвижните ствари - 7 објекти во површина од 220м2 и земјиште во површина од 13511м2 на К.П. бр. 128 за КО Дренок, евидентирани во Агенцијата за катастар на недвижности - Струга, сопственост на Република Македонија.

Недвижните ствари од став 1 на овој член се даваат на користење без надомест за временски период од пет години на Здружението на ловци „Нерез“ од с. Брезово - Луково, Струга.

Член 2

Примопредавањето на недвижните ствари од член 1 на оваа одлука ќе се изврши меѓу Министерството за одбрана и Здружението на ловци „Нерез“ од с. Брезово - Луково, Струга.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-6491/1
16 декември 2008 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Ивица Боцевски,** с.р.

---

**3336.**

По извршената споредба со изворниот текст на Одлуката за престанок и за давање на користење недвижна ствар на Министерството за правда, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 148/08, направена е техничка грешка, поради што се дава

## И С П Р А В К А
## НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НЕДВИЖНА СТВАР НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА

Во Одлуката во член 1 наместо „116“ треба да стои „1116“.

Бр. 19-5909/2
18 декември 2008 година
Скопје

Од Владата на Република
Македонија

**3337.**

Врз основа на член 10 став 3 од Законот за државните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 112/2000, 34/2001, 103/2002, 43/2002, 98/2002, 17/2003, 40/2003, 85/2003, 17/2004, 69/2004, 81/2005, 61/2006 и 36/2007), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16 декември 2008 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА

1. За државен секретар во Министерството за правда се именува Билјана Бришкоска Бошковски, државен советник за ЕУ интеграција и меѓународна соработка во Министерството за правда.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-6826/1
16 декември 2008 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**3338**

Врз основа на член 16, став 3, 4 и 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 51/05 и 137/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16.12.2008 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПРИОРИТЕТНА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА 2008 ГОДИНА

Во Програмата за приоритетна изработка на урбанистички планови за 2008 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 21/08, 29/08, 39/08, 54/08, 76/08, 79/08, 116/08, 117/08 и 149/08), во точката 1, потточка 1.21 се менува и гласи:

„Барањата за исплата на доделените средства од точка 1 потточка 1.19 од оваа програма со комплетна и заверена документација за наменско користење на средствата, единиците на локална самоуправа ги доставуваат до Министерството за транспорт и врски, заклучно со 24.12.2008 година“.

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-6764/1
16 декември 2008 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Ивица Боцевски**, с.р.

---

**3339.**

Врз основа на член 57 став 3 од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16.12.2008 година, донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА ВЕТЕРИНАРНО ЈАВНО ЗДРАВСТВО ВО 2008 ГОДИНА

I

Во Програмата за користење на средствата за ветеринарно јавно здравство во 2008 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 21/08) во делот I точката 1 Средства од Буџетот на Република Македонија, износот „20.000.000,00“ се заменува со износот „9.000.000,00“.

II

Во делот II точката 1 Следење и откривање на присуство на резидуи во суровините и производите од животинско потекло и следење на употребата на ветеринарно медицинските препарати кај домашните животни и утврдување на антимикробна резистенција износот „13.000.000,00“ се заменува со износот „9.000.000,00“.

Во точката 2 Следење и откривање на салмонелозата и други зоонотски агенси кај животните и храната од животинско потекло износот „3.000.000,00“, се заменува со износот „0.00“.

Во точката 3 Програма за мониторинг на хигиенската исправност и квалитетот на храната од животинско потекло во износ од 2.000.000,00 денари износот „2.000.000,00“ се заменува со „0.00“.

Во точката 4 Програма за мониторинг на безбедноста и хигиенската исправност на добиточната храна износот од „1.000.000,00“ се заменува со износот „0.00“.

Во точката 5 Прилагодување на производните капацитети за храна од животинско потекло износот од „500.000,00“ се заменува со износот „0.00“.

Во точката 6 Центар за несакани дејства од употребата на ветеринарно медицинските препарати износот „500.000,00“ се заменува со износот „0.00“.

III

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-6470/1
16 декември 2008 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**3340.**

Врз основа на член 33 од Законот за извршување на Буџет на Република Македонија за 2008 година, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 160/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.12.2008 година, донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2008 ГОДИНА

I

1. Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2008 година („Службен весник на Република Македонија” бр. 30/08, 37/08, 54/08, 67/08, 89/08, 99/08, 141/08 и 150/08) делот I износот “1.872.050.000,00“ се заменува со износот “1.972.050.000,00“, износот “36.000.000,00“ се заменува со износот “31.350.000,00“ и износот “100.000.000,00“ се заменува со износот “27.000.000,00“.

Во табелата во точка 1 износот “1.114.300.000“ се заменува со износот “996,434,703“.

Во точка 2 износот “698.850.000“ се заменува со износот “977,130,856“.

Во точка 3 износот “9.000.000“ се заменува со износот “1.395.826“.

Во точка 4 износот “9.200.000“ се заменува со износот “260.000“.

Во точка 5 износот “13.000.000“ се заменува со износот “11.310.000“.

Во точка 6 износот “154.700.000“ се заменува со износот “34.668.615“.

Во точка 7 износот “9.000.000“ се заменува со износот “9.200.000“.

Во вкупно износот “2.008.050.000“ се заменува со износот “2.030.400.000“.

2. Во делот II износот “1.114.300.000“ се заменува со износот “996,434,703“.

Во табелата во точка 1. Растително производство износот “1.114.300.000“ се заменува со износот “996,434,703“.

Во поледелство износот “703.000.000“ се заменува со износот “469.900.000“.

Во потточката 1.1. износот “415.000.000“ се заменува со износот “432.000.000“.

Во потточката 1.2. износот “24.000.000“ се заменува со износот “18.100.000“.

Во потточката 1.3. износот “1.400.000“ се заменува со износот “20.000.000“.

Во “Градинарство” износот “65.000.000“ се заменува со износот “11.500.000“.

Во потточката 1.5. износот “7.000.000“ се заменува со износот “1.500.000“.

Во потточката и овоштарство износот “341.300.000“ се заменува со износот “368.534.703“.

Во потточката 1.6. износот “75.000.000“ се заменува со износот “59.000.000“.

Во потточката 1.7. износот “330.000.000“ се заменува со износот “276.219.248“.

Во потточката 1.8. износот “100.000“ се заменува со износот “0.00“.

Во потточката 1.10. износот “35.000.000“ се заменува со износот “30.000.000“.

Во потточката износот “5.000.000“ се заменува со износот “2.615.455“.

Во потточката мерки во растителното производство износот “5.000.000“ се заменува со износот “146.300.000“.

Во потточката 1.14. износот “5.000.000“ се заменува со износот “4.500.000“.

Во потточката 1.16. износот “130.000.000“ се заменува со износот “141.800.000“.

3. Во делот III износот “698.850.000“ се заменува со износот “950.130.856“.

Во табелата во точка 2 “Сточарство” износот “698.850.000“ се заменува со износот “977,130,856“.

Во “Говедарство” износот “311.060.000“ се заменува со износот “622.030.000“.

Во потточката 2.1. износот “285.000.000“ се заменува со износот “447.000.000“ и во колоната критериум и висина на поддршка износот “2,5“ се заменува со износот “4“.

Во потточката 2.2. износот “5.000.000“ се заменува со износот “2.000.000“.

Во потточката 2.3. износот “20.000.000“ се заменува со износот “5.000.000“.

Во потточката 2.4. износот "0.00 се заменува со износот "30.000".

Во "Овчарство" износот "261.500.000" се заменува со износот "216.060.000".

Во потточката 2.5. износот "190.000.000" се заменува со износот "168.000.000".

Во потточката 2.7. износот "8.000.000" се заменува со износот "16.000.000" и во колоната критериум и висина на поддршка износот "2,5" се заменува со износот "4".

Во потточката 2.8. износот "1.500.000" се заменува со износот "60.000".

Во "Козарство" износот "22.450.000" се заменува со износот "39.688.500".

Во потточката 2.9. износот "17.000.000" се заменува со износот "37.000.000" и во колоната критериум и висина на поддршка износот "500 ден/грло" се заменува со износот "1.000 ден/грло".

Во потточката 2.10. износот "1.500.000" се заменува со износот "2.000.000" и во колоната критериум и висина на поддршка износот "2,5" се заменува со износот "4".

Во потточката 2.11. износот "450.000" се заменува со износот "688.500".

Во "Свињарство" износот "55.000.000" се заменува со износот "32.044.000".

Во потточката 2.12. износот "50.000.000" се заменува со износот "31.044.000".

Во потточката 2.13. износот "5.000.000" се заменува со износот "1.000.000".

Во "Живинарство" износот "22.200.000" се заменува со износот "6.834.620".

Во потточката 2.14. износот "5.000.000" се заменува со износот "4.000.000".

Во потточката 2.15. износот "1.000.000" се заменува со износот "2.000.000".

Во "Пчеларство" износот "17.640.000" се заменува со износот "54.133.736".

Во потточката 2.18. износот "56.795.380" се заменува со износот "54.000.000".

Во потточката 2.19. износот "1.000.000" се заменува со износот "100.000",

Во потточката 2.20. износот "100.000" се заменува со износот "33.736".

Во "Посебни мерки во сточарското производство" износот "9.000.000" се заменува со износот "6.340.000".

Во потточката 2.22. износот "5.000.000" се заменува со износот "2.340.000".

4. Во делот IV износот "9.000.000" се заменува со износот "1.395.826".

Во табелата 3. Алтернативни, нетрадиционални и недоволно застапени производи износот "9.000.000" се заменува со износот "1.395.826".

Во Растително производство износот "6.945.000" се заменува со износот "159.826".

Во потточката 3.1. износот "1.000.000" се заменува со износот "0.00".

Во потточката 3.2. износот "100.000" се заменува со износот "145.826".

Во потточката 3.4. износот "0.00" се заменува со износот "14.000".

Во "Сточарско производство" износот "2.055.000" се заменува со износот "1.236.000".

Во потточката 3.5. износот "2.000.000" се заменува со износот "1.200.000".

Во потточката 3.6. износот "720.000" се заменува со износот "36.000".

5. Во делот V износот "9.200.000" се заменува со износот "260.000".

Во табелата во точка 4. Спроведување на стандарди за квалитет и безбедност на храна износот "9.200.000" се заменува со износот "260.000".

Во "Стандарди за безбедност во земјоделското производство" износот "5.600.000" се заменува со износот "200.000".

Во потточката 4.1. износот "2.000.000" се заменува со износот "200.000",

Во "Воведување одржливи системи за користење на природни ресурси" износот "2.400.000" се заменува со износот "60.000".

Во потточката 4.5. износот "20.000" се заменува со износот "0.00",

Во потточката 4.6. износот "0.00" се заменува со износот "30.000",

Во "Контрола на квалитетот на непреработени и полупреработени земјоделски производи преку лабораториска анализа" износот "1.200.000" се заменува со износот "0.00".

6. Во делот VI износот "13.000.000" се заменува со износот "11.310.000".

Во табелата во точка 5. Општи мерки износот "13.000.000" се заменува со износот "11.310.000":

Во потточката 5.1. износот "3.000.000" се заменува со износот 1.500.000".

Во потточката 5.2. износот "2.500.000" се заменува со износот "4.610.000".

Во потточката 5.4. износот "2.000.000" се заменува со износот "200.000".

Во потточката 5.5. износот "2.500.000" се заменува со износот "2.000.000".

7. Во делот VII во ставот 1 износот "154.700.000" се заменува со износот "34.668.615 ".

Во табелата во точка 6 Посебни мерки износот "154.700.000" се заменува со износот "34.668.615 ".

Во потточката 6.1. износот "1.000.000" се заменува со износот "200.000",

Во потточката 6.3. износот "20.000.000" се заменува со износот "110.000".

Во потточката 6.5. износот "30.000.000" се заменува со износот "6.600.000".

Во потточката 6.6. износот "16.000.000" се заменува со износот "9.758.615".

8. Во делот VIII износот "9.000.000" се заменува со износот "9.200.000".

9. Во делот IX во став 4 датата "10.12.2008" се заменува со "17.12.2008".

II

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.19-6842/1
23 декември 2008 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

**3341.**

Врз основа на член 420 алинеја 1 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија” бр.54/07), министерот за внатрешни работи во согласност со министерот за образование и наука донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ПРОБНИТЕ ТЕСТОВИ И ТЕСТОВИ ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ТЕОРЕТСКИОТ ДЕЛ ОД ВОЗАЧКИОТ ИСПИТ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат пробните тестови и тестовите за полагање на теоретскиот дел од возачкиот испит.

Член 2

Пробниот тест е изготвен на А4 формат, на четири страници и содржи лични податоци за кандидатот за возач на моторно возило, упатство за решавање на тестот, прашања за правилата за сообраќајот на патиштата и сообраќајните знаци кои се вреднуваат со поени во зависност од содржината на прашањето како и записник за извршената проверка на знаењата.

Содржината на пробниот тест не може да биде идентична со содржината на тестот за полагање на теоретскиот дел од возачкиот испит.

Член 3

Кандидатот за возач се смета дека го поседува потребното знаење од правилата за сообраќајот на патиштата и сообраќајните знаци односно го положил пробниот тест ако збирот на освоени поени не е помал од 28 поени.

Член 4

На теоретскиот дел од возачкиот испит се утврдува дали кандидатот за возач ги совладал содржините предвидени во наставната програма за сообраќајни правила и прописи од член 244 став 3 алинеја 1 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Член 5

Тестовите за полагање на теоретскиот дел на возачки испит се поделени на: тест за полагање на теоретскиот дел на возачки испит од „А“ и „Б“ категорија, „А1“ поткатегорија и национални категории „Ф“, „Г“ и „М“ и тест за полагање на теоретскиот дел на возачки испит од „Ц“ и „Д“ категорија и „Ц1“ и „Д1“ поткатегории.

Член 6

Тестот за полагање на теоретскиот дел од возачкиот испит од „А“ и „Б“ категорија, „А1“ поткатегорија и национални категории „Ф“, „Г“ и „М“ е изготвен на А4 формат, на четири страници и содржи лични податоци за кандидатот за возач на моторно возило, упатство за решавање на тестот, прашања групирани во четири групи кои се вреднуваат со поени во зависност од содржината на прашањето, како и записник за извршеното тестирање.

Прашањата содржани во тестот од став 1 на овој член се групирани во четири групи:

- I група од пет прашања кои се вреднувани по пет поени,
- II група од осум прашања кои се вреднувани по четири поени,
- III група од девет прашања кои се вреднувани по три поени и
- IV група од осум прашања кои се вреднувани по два поени.

Кандидатот се смета дека го положил тестот од став 1 на овој член ако збирот на негативни поени не е поголем од: 10 поени за „Б“ категорија, девет поени за „А“ категорија и „А1“ поткатегорија и осум поени за национални категории „Ф“, „М“ и „Г“.

Одговорите на прашањата во тестот за полагање на теоретскиот дел од возачкиот испит се даваат на начин определен во тестот.

Член 7

Тестот за полагање на теоретскиот дел од возачкиот испит од „Ц“ и „Д“ категорија и „Ц1“ и „Д1“ поткатегории е изготвен на А4 формат, на две страници и содржи лични податоци за кандидатот за возач на моторно возило, упатство за решавање на тестот, прашања кои се вреднуваат со поени во зависност од содржината на прашањето, како и записник за извршеното тестирање.

Кандидатот се смета дека го положил тестот од став 1 на овој член ако збирот на негативни поени не е поголем од: два поени за „Ц“ категорија и „Ц1“ поткатегорија и четири поени за „Д“ категорија и „Д1“ поткатегорија.

Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 13.1-79760/1 | Бр. 19-8741/2 |
| 11 ноември 2008 година | 11 декември 2008 година |
| Скопје | Скопје |
| Министер | Министер |
| за образование и наука, | за внатрешни работи, |
| **Перо Стојановски,** с.р. | м-р **Гордана Јанкулоска,** с.р. |

---

**3342.**

Врз основа на член 420 алинеја 2 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија” бр.54/07) министерот за внатрешни работи во согласност со министерот за образование и наука, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИСПИТИТЕ ЗА ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕ ЗА ВОЗАЧ-ИНСТРУКТОР И СТРУЧНО ЛИЦЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВОЗИЛА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на спроведување на испитите за проверка на знаење за возач-инструктор и стручно лице за вршење на технички преглед на возила.

Член 2

Проверката на знаењето на возач-инструктор односно на стручно лице за вршење на технички преглед на возила се спроведува писмено на претходно изготвен тест од страна на комисијата за проверка на стручноста на возач-инструктор односно на стручно лице за вршење на технички преглед на возила.

Член 3

Тестот за проверка на знаење за возач-инструктор односно на стручно лице за вршење на технички преглед на возила содржи определен број прашања на кои одговорите се даваат на начин определен во тестот и истите се вреднуваат со поени зависно од значењето на содржината на прашањето.

Член 4

Пред почетокот на полагањето на испитот за проверка на знаење за возач-инструктор односно на стручно лице за вршење на технички преглед на возила се утврдува нивниот идентитет.

Член 5

За одговор на прашањата од тестот за проверка на знаење за возач-инструктор односно на стручно лице за вршење на технички преглед на возила се остава времетраење од 60 минути.

Член 6

Ако возачот-инструктор односно стручното лице не пристапи кон полагање на испитот за проверка на знаење за возач-инструктор односно за стручно лице за вршење на технички преглед на возила или пред почетокот на испитот се откаже од полагањето, се смета дека не го полагал испитот.

Ако возачот-инструктор односно стручното лице се откаже од веќе започнатото полагање на испитот, се смета дека не го положил испитот за проверка на знаење за возач-инструктор односно за стручно лице за вршење на технички преглед на возила.

Член 7

Ако на испитот за проверка на знаење за возач-инструктор односно за стручно лице за вршење на технички преглед на возила, возачот-инструктор односно стручното лице се служи со недозволени средства – користење на учебници или белешки, препишување и слично, од страна на комисија се отстранува од испитот и се смета дека истиот не го положил испитот.

Член 8

Возачот-инструктор односно стручното лице се смета дека го положил тестот за проверка на знаење за возач-инструктор односно за стручно лице за вршење на технички преглед на возила ако со одговорите на прашањата од тестот постигне најмалку 90% од вкупниот број на позитивни поени.

Во случај кога возачот-инструктор односно стручното лице го положил тестот од страна на комисијата за проверка на стручноста на возач инструктор односно на стручно лице за вршење на технички преглед на возила се издава потврда за положениот испит.

Член 9

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 13.1-79762/1 | Бр. 19-8742/2 |
| 11 ноември 2008 година | 11 декември 2008 година |
| Скопје | Скопје |
| Министер | Министер |
| за образование и наука, | за внатрешни работи, |
| **Перо Стојановски**, с.р. | м-р **Гордана Јанкулоска,** с.р. |

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**3343.**

Врз основа на член 47 став 4 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/97, 16/00, 17/03, 65/04, 62/05, 111/05, 40/07 и 98/08) министерот за труд и социјална политика донесе

### Р Е Ш Е Н И Е ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТАРНА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА КАВАДАРЦИ

1. Се дава согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Кавадарци број 02-3302/11 донесена од Управниот одбор на Јавната установа, на седницата одржана на 18.11.2008 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр.10-13729/1 | Министер, |
| 17 декември 2008 година | **Џељаљ Бајрами**, с.р. |
| Скопје | |

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

**3344.**

Врз основа на член 14 став 1 од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија” бр.67/04, 14/06 и 84/07), министерот за животна средина и просторно планирање донесе

### Н А Р Е Д Б А ЗА ЗАБРАНА ЗА СОБИРАЊЕ ЗАРАДИ КОРИСТЕЊЕ И ТРГОВИЈА НА АВТОХТОНИ САМОНИКНИ ГАБИ-СМРЧКИ ОД РОДОВИТЕ MORCHELLA, VERPA И PTICHOVERPA

Член 1

Се забранува собирање заради користење и трговија на автохтони самоникни габи-смрчки од родовите Morchella, Verpa и Ptichoverpa, со цел заштита на нивните природни станишта и заштита на иглолисните насади од намерни шумски пожари.

Член 2

Оваа наредба не се однесува на количините кои се наоѓаат во залиха кај правните лица од претходните години и истите се задолжуваат најдоцна до 01.04.2009 година да ги пријават до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата.

Член 3

Забраната од член 1 од оваа наредба трае пет години од денот на влегувањето во сила на оваа наредба.

Член 4

Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 02-7964/3
15 декември 2008 година
Скопје

Министер,
д-р **Нецати Јакупи**, с.р.

---

## АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

**3345.**

Врз основа на член 152 став 1 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ“ бр. 40/2008), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА СТАПУВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА ВОСТАНОВЕН КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Стапува во примена востановениот катастар на недвижности за катастарската општина Тетово 1 - Општина Тетово.

Катастарот на недвижности ќе се применува од 10-тиот ден од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија“.

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижности од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиште за КО Тетово 1, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ“ бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-18199/1/1
18 декември 2008 година
Скопје

Директор,
**Љупчо Георгиевски,** с.р.

---

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3346.**

Врз основа на член 19, став 1, алинеја 8 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 63/2006, 36/2007, 106/2008), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија на седницата одржана на 22 декември 2008 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ УПРАВУВАЊЕ СО СИСТЕМ ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА И ДИСТРИБУЦИЈА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. На Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Македонија“, во државна сопственост – Скопје, му се издава лиценца за вршење на енергетската дејност управување со систем за дистрибуција на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија.

2. Правата и обврските на носителот на лиценцата во вршењето на енергетската дејност управување со систем за дистрибуција на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија се утврдени во Прилог 1, „Лиценца за вршење на енергетска дејност управување со систем за дистрибуција на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија “ кој што е составен дел на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02- 2187/1
22 декември 2008 година
Скопје

Претседател,
**Славе Ивановски**, с.р.

**ПРИЛОГ 1**

Л И Ц Е Н Ц А
ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ УПРАВУВАЊЕ СО СИСТЕМ ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА И ДИСТРИБУЦИЈА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

**1. Име и седиштето на носителот на лиценцата**

Акционерско друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Македонија“, во државна сопственост – Скопје, улица 11 Октомври бр. 9, 1000 Скопје, Република Македонија, со скратено име АД ЕЛЕМ – Скопје.

**2. Енергетската дејност за која се издава лиценцата**

Управување со систем за дистрибуција на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија.

**3. Датум на издавање на лиценцата**

22 декември 2008 година.

**4. Временски период на важење на лиценцата**

35 години.

**5. Датум до кога важи лиценцата**

22 декември 2043 година.

**6. Евидентен број на издадената лиценца**

ЕЕ - 31.03.1/08.

**7. Број на деловниот субјект:** 6023754.

**8. Единствен даночен број:** 4030005560757.

**9. Вид и обем на енергетската дејност што се врши**

Со оваа лиценца се определуваат начинот и условите за вршење на енергетската дејност управување со систем за дистрибуција на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија како дејност со која носителот на лиценцата треба да обезбеди јавна услуга, како и правата и обврските на АД ЕЛЕМ – Скопје (во понатамошниот текст: носител на лиценцата) во вршењето на дејноста.

Како енергетска дејност управување со систем за дистрибуција на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија, во смисла на оваа лиценца, се смета пренесување на електрична енергија низ среднонапонска мрежа и нисконапонска мрежа во сопственост на АД ЕЛЕМ – Скопје за испорака на електрична енергија до потрошувачите приклучени на истата, оперативно управување со електроенергетските објекти, уреди и постројки во процесот на дистрибуција на електрична енергија во сопственост на АД ЕЛЕМ – Скопје, како и долгорочно планирање на управувањето со електроенергетските објекти во процесот на дистрибуција на електрична енергија, со цел да се обезбедат услови за сигурно и доверливо функционирање на системот за дистрибуција на електрична енергија, во согласност со закон, други прописи и соодветните Мрежни правила за дистрибуција на електрична енергија.

**10. Подрачје на вршење на дистрибуција на електрична енергија**

Врз основа на Законот за енергетика и одредбите од оваа лиценца, носителот на лиценцата врши управување со системот за дистрибуција на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија на подрачјето на индустрискиот комплекс на поранешната „Рудници и Железарница – Скопје“, Општина Бутел и Општина Гази Баба.

**11. Објекти и средства преку кои се врши управување со системот за дистрибуција на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија**

Носителот на лиценцата врши:

- управување со системот за дистрибуција на електрична енергија преку објектите и средствата (диспечерски центри и други уреди за управување со дистрибутивниот систем) во сопственост на АД ЕЛЕМ – Скопје, инсталирани во подружница Енергетика, определени во Прилог 2 кој што е составен дел на оваа лиценца, и
- дистрибуција на електрична енергија, на АД ЕЛЕМ – Скопје, преку електроенеретските објекти, уреди и постројки за дистрибуција на електрична енергија во сопственост на АД ЕЛЕМ – Скопје, лоцирани на подрачјето определено во точка 10 на оваа лиценца, а наведени во Прилог 3 кој што е составен дел на оваа лиценца.

**12. Обезбедување на пристап и приклучување на системот за дистрибуција на електрична енергија**

Носителот на лиценцата е должен, во согласност со начелата на објективност, недискриминаторност и транспарентност, да обезбеди пристап и приклучување на електроенергетските објекти во процесот на дистрибуција на електрична енергија, на трети лица во согласност со закон, друг пропис и соодветните Мрежни правила за дистрибуција на електрична енергија.

**13. Обврски за носителот на лиценца**

Носителот на лиценцата е должен да:

- обезбеди сигурна, безбедна, непрекината и квалитетна дистрибуција и испорака на електрична енергија со квалитет согласно Условите за снабдување со електрична енергија преку електроенергетските објекти во процесот на дистрибуција на електрична енергија, со одржување на соодветно ниво на доверливост и расположливост на сите електроенергетски објекти за дистрибуција на електрична енергија во согласност со соодветните Мрежни правила за дистрибуција на електрична енергија;
- врши управување со електроенергетските објекти во процесот на дистрибуција на електрична енергија;
- обезбеди услови за сигурно функционирање на електроенергетските објекти, уреди и постројки во процесот на дистрибуција на електрична енергија;
- ја обезбеди потребната количина на електрична енергија за покривање на одобрените технички загуби во дистрибутивниот систем;
- ја обезбеди потребната количина на електрична енергија за покривање на загубите на електрична енергија во количина над одобрената, од Регулаторната комисија за енергетика;
- врши мерење на електричната енергија што се превзема односно испорачува на корисниците приклучени на дистрибутивната мрежа со мерни уреди во согласност со овој закон и соодветните Мрежни правила за дистрибуција на електрична енергија;
- да се придржува кон законите, прописите, стандардите, препораките и други општи акти, при изградба, реконструкција, редовни годишни ремонти и редовно одржување на електроенергетските објекти во процесот на дистрибуција со електрична енергија и процесот на управување со системот за дистрибуција на електрична енергија;
- ги почитува законите, другите прописи и општи акти кои се однесуваат на заштита на конкуренцијата, заштита на потрошувачите, заштита на животната средина, заштита на работниците, заштита на техничките средства и опрема;
- ги почитува Мрежните правила за пренос на електрична енергија, Пазарните правила за електрична енергија, соодветните Мрежни правила за дистрибуција на електрична енергија, правилниците и другите прописи кои ги пропишува или одобрува Регулаторната комисија за енергетика во согласност со закон.

**14. Мрежни правила за дистрибуција на електрична енергија**

Носителот на лиценцата е должен во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на оваа лиценца, да донесе и по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика да ги објави во "Службен весник на Република Македонија" Мрежни правила за дистрибуција на електрична енергија, со кои особено треба да се уредат:

- техничко-технолошките услови за приклучување на електроенергетски објекти, уреди и постројки;
- техничките и другите услови за сигурно и безбедно функционирање на дистрибутивниот систем;
- планирањето, одржувањето и развојот на дистрибутивниот систем;
- фактурирање на дистрибутивни услуги за квалификувани потрошувачи приклучени на дистрибутивната мрежа;
- мерките, активностите и постапките во случај на нарушувања и хаварии;
- условите и начинот на пристап на трети страни на дистрибутивниот систем;
- доверливост на комерцијалните и деловни податоци на корисниците на услугите на дистрибутивниот систем;
- функционалните барања и класата на точност на мерните уреди, како и начинот на мерење на електричната енергија и моќност;
- доставување на податоци за долгорочна прогноза на потребите од електрична енергија до операторот на дистрибутивниот систем и операторот на електроенергетскиот систем; и
- надзор и контрола на системите за управување со дистрибутивниот систем.

**15.Планирање, одржување, обнова и развој на објектите и средствата за управување со системот за дистрибуција на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија**

Заради сигурно и ефикасно функционирање на објектите и средствата за управување со системот за дистрибуција на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија носителот на лиценцата е должен истите да ги одржува, обновува, проширува и осовременува.

Носителот на лиценцата е должен секоја година, најдоцна до 10 март, до Регулаторната комисија за енергетика да поднесе План за развој, проширување и надградување на дистрибутивниот систем за период од пет години, годишна програма за спроведување на планот, како и извештај за остварување на програмата за претходната година.

Планот за развој, проширување и надградување на дистрибутивниот систем треба да содржи:

- опис на постојната состојба на електроенергетските објекти за управување со системот за дистрибуција на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија како и идни процени за капацитетот и функционалноста на електроенергетските објекти за управување со системот за дистрибуција на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија;
- локации каде се планира да се развиваат или надградуваат електроенергетските објекти за управување со системот за дистрибуција на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија; и
- финансиски извори за реализација на планот.

**16. Обезбедување на оперативна функционалност на објектите и средствата за управување со системот за дистрибуција на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија**

Заради обезбедување оперативна функционалност на електроенергетските објекти и средства за управување со системот за дистрибуција на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија, носителот на лиценцата е должен да обезбеди целосна опременост на електроенергетските објекти со заштитни, контролни, управувачки и примарни уреди за вклучување/исклучување со кои ќе се обезбеди брза и ефикасна изолација на делови од дистрибутивната мрежа, на објектите и средствата за управување со системот за дистрибуција на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија во случај на хаварии и заштита во случај на дефект.

**17. Систем за надзор, контрола и прибирање на податоци**

Носителот на лиценцата е должен во рок од пет години од денот на влегување во сила на оваа лиценца да го инсталира, како и да го одржува и надградува Системот за надзор, мерење, контрола и прибирање на податоци (во понатамошниот текст: „SCADA") со подршка на соодветен телекомуникациски систем, преку кој ќе врши следење, оперативна контрола и управување со електроенергетските објекти во процесот на дистрибуција на електрична енергија.

SCADA системот, со подршка на соодветен телекомуникациски систем, треба да обезбеди софтверска обработка на податоците, како и оперативна комуникација во вршењето на дејноста и комуникација со другите носители на лиценци и корисниците на соодветниот систем за дистрибуција на електрична енергија.

**18. Обврска за одвоена сметководствена евиденција**

Носителот на лиценцата е должен:

- во своите интерни пресметки да води одвоена евиденција за секоја од енергетските дејности за кои што поседува лиценца за вршење на енергетска дејност;
- во согласност со сметководствените стандарди со кои се уредува сметководственото работење на претпријатието да изготвува финансиски извештаи кои ќе обезбедат информации за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите со резултатите од работењето, како и паричните текови на претпријатието; и
- да обезбедува консолидирани финансиски извештаи.

**19. Обврска за информирање**

Носителот на лиценцата е должен да му ги обезбеди на операторот на електроенергетскиот систем, операторот на пазарот на електрична енергија, снабдувачот со електрична енергија на тарифни потрошувачи на

мало, како и на другите снабдувачи и производители на електрична енергија, сите потребни податоци и информации кои се неопходни за извршувањето на нивните обврски утврдени во законите, другите прописи и лиценците.

Носителот на лиценцата е должен да ги информира корисниците на дистрибутивниот систем приклучени на дистрибутивната мрежа, за прекините и пречките во напојувањето/испорачувањето на електричната енергија, согласно начинот и постапката за информирање дефинирани во соодветните Мрежни правила за дистрибуција на електрична енергија, Условите за снабдување со електрична енергија и меѓусебните договори за испорака на електрична енергија.

**20. Доверливост на информациите**

Носителот на лиценцата е должен во согласност со закон, да обезбеди и да гарантира доверливост на деловните податоци и информации кои при вршењето енергетската дејност ги добива од корисниците.

**21. Обврска за доставување на Годишен извештај за финансиското и деловното работење**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 10 март во тековната година да достави годишен извештај за делокругот на своето работење, вклучувајќи го и извештајот за финансиското и деловното работење во претходната година. Годишниот извештај со сите прилози задолжително се доставува и во електронска форма.

Годишниот извештај треба да содржи податоци за:

1. број и времетраење на планирани и непланирани прекини по напонско ниво, како и причини за нивно настанување;

2. технички загуби на електрична енергија во процесот на дистрибуција на електрична енергија изразени во киловат часови и во проценти;

3. финансиски извештај за енергетската дејност составен од:

- биланс на состојба и биланс на успех,
- извештај за промените во главнината,
- извештај за паричните текови,
- применетите сметководствени политики, и
- други објаснувачки белешки подготвени во согласност со меѓународните сметководствени стандарди;

4. преземени мерки во текот на претходната година за:

- заштита на објектите преку кои се врши управување со системот за дистрибуција и дистрибуција на електрична енергија од надворешни влијанија и хаварии, како и нивно осигурување,
- заштита при работа,
- обука и стручно усовршување на вработените заради сигурно, безбедно и квалитетно вршење на дистрибуција на електрична енергија,
- заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето,
- спроведување на мониторинг врз сопственото работење,
- обезбедување на услови за сигурно, континуирано и квалитетно вршење на управување со системот за дистрибуција и дистрибуција на електрична енергија,
- обезбедување на енергетска ефикасност,
- вршење на управување со системот за дистрибуција и дистрибуција на електрична енергија во услови на кризна состојба, како и воена и вонредна состојба;

5. остварување на годишната програма за реализација на Планот за развој, проширување и надградување на дистрибутивниот систем, во претходната година;

6. извршување на програма за ремонти во претходната година;

7. состојба со кадровска екипираност за извршување на поодделни задачи при вршење управување со системот за дистрибуција и дистрибуција на електрична енергија;

8. извршени инспекциски надзори и контроли од страна на надлежни инспекциски и други државни органи, со приложени фотокопии на записниците, извештаите и решенијата од извршените надзори и контроли;

9. бизнис план за тековната година и оценка за реализирање на бизнис планот во претходната година;

10. реализација на обврската за информирање на корисниците на системот за дистрибуција на електрична енергија и преземени мерки за подобрување на квалитетот на услугата.

**22. Обврска за доставување на други извештаи, информации и податоци во врска со вршењето на енергетската дејност**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика да доставува:

- во писмена и/или електронска форма, месечни и квартални извештаи за бројот и времетраењето на планираните и непланираните прекини по напонско ниво, причините за нивно настанување, како и за техничките загуби на електрична енергија во процесот на дистрибуција на електрична енергија изразени во киловат часови и во проценти;
- известување за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на дистрибуција на електрична енергија;
- договори во врска со вршење на дистрибуција на електрична енергија кои што ги склучил со други носители на лиценци за вршење на енергетска дејност.

**23. Физичка заштита на објектите преку кои се врши енергетската дејност**

Носителот на лиценцата е должен во рок од шест месеци од датумот на издавање на оваа лиценца, да донесе План за физичка заштита на објектите преку кои се врши енергетската дејност и должен е истиот да го достави до Регулаторната комисија за енергетика.

**24. Обврска за овозможување на пристап во објектите и непосреден увид во документацијата**

Носителот на лиценцата е должен, по барање на Регулаторната комисија за енергетика, да и овозможи непосреден увид во целокупната документација, пристап во објектите, деловните простории, простори, инсталациите, средствата и опремата во процесот на дистрибу-

ција на електрична енергија, во согласност со Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности.

**25. Постапување во случај на висок оперативен ризик**

Носителот на лиценцата е должен во рок од девет месеци од датумот на издавање на оваа лиценца да изработи и да достави до Регулаторната комисија за енергетика, Одбранбен план за заштита на електроенергетските објекти во процесот на дистрибуција на електрична енергија во случај на висок оперативен ризик.

Во случај на висок оперативен ризик кој може да предизвика загрозување на сигурноста на делови на електроенергетските објекти во процесот на дистрибуција на електрична енергија или губење на капацитет, носителот на лиценцата веднаш ќе го извести операторот на електроенергетскиот систем и корисниците на дистрибутивниот систем приклучени на дистрибутивната мрежа.

**26. Изменување и дополнување на лиценцата**

Изменувањето и дополнувањето на оваа лиценца ќе се врши исклучиво во согласност со одредбите од Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности.

**27. Мерки во случај на неисполнување на обврските од страна на носителот на лиценцата**

Доколку носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика ќе превземе мерки согласно Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности.

**ПРИЛОГ 2**

Објекти и средства преку кои се врши управување со системот за дистрибуција на електрична енергија

1. Опремата за управување и контрола на системот за дистрибуција на електрична енергија е мануелна (далечинска) со:

| Диспечерски центар ТС "Север" | број на ќелии со кои се управува | | |
|---|---|---|---|
| | 110 kV | 35 kV | 6 kV |
| далекуводни | 6 | 0 | 0 |
| трансформаторски | 3 | 0 | 3 |
| мерни | 2 | 0 | 7 |
| спојни полиња | 2 | 0 | 3 |
| изводни | 11 | 0 | 56 |

| Диспечерски центар ТС "Југ" | број на ќелии со кои се управува | | |
|---|---|---|---|
| | 110 kV | 35 kV | 6 kV |
| далекуводни | 0 | 0 | 0 |
| трансформаторски | 0 | 4 | 4 |
| мерни | 0 | 4 | 6 |
| спојни полиња | 0 | 0 | 2 |
| изводни | 0 | 20 | 42 |

2. Системот за комуникација со сите субјекти кои се поврзани на системот за дистрибуција на електрична енергија се реализира преку:

- независна телефонска централа за комуникација на диспечерските центри со субјектите поврзани на системот за дистрибуција;
- фиксна телефонија;
- мобилна телефонија;
- факс;
- VF уреди; и
- интернет,

во сопственост на носителот на лиценцата.

За сигурно и безбедно функционирање на системот за дистрибуција на електрична енергија постои соодветна релејна заштита.

За изводните келии инсталирана е:
- прекуструјна;
- поднапонска;
- усмерена;
- подфреквентна; и
- диференцијална (за далноводните келии).

Енергетските трансформатори во ТС "Север" и ТС "Југ" располагаат со соодветна заштита:
- бухолцова заштита (опмена и исфрлување);
- бухолц на регулаторна склопка;
- термичка заштита;
- заштита од проток на вода и масло; и
- заштита од пожар.

Сите енергетски трансформатори се автоматски регулирани со Пантам регулатор (TAPCON 230).

3. План за развој на системот за управување со електроенергетските објекти во процесот на дистрибуција на електрична енергија:

| Опрема за управување и контрола која треба да се вгради и да отпочне со функционирање | Рок од денот на влегување во сила на оваа лиценца |
|---|---|
| Факс | 2 години |
| SCADA систем | 5 години |
| Нумеричка релејна заштита | 5 години |

**ПРИЛОГ 3**

**Објекти и средства преку кои се врши дистрибуција на електрична енергија**

1. Опис на главните трафостаници ТС "Север" и ТС "Југ", број на разводните постројки по напонско ниво кои се составен дел на трафостаниците како и опис на составните елементи на постројките.

1.1 Опис на трафостаниците ТС "Север" и ТС "Југ"

## ПРИЛОГ 3

### Објекти и средства преку кои се врши дистрибуција на електрична енергија

1. Опис на главните трафостаници ТС "Север" и ТС "Југ", број на разводните постројки по напонско ниво кои се составен дел на трафостаниците како и опис на составните елементи на постројките

1.1 Опис на трафостаниците ТС "Север" и ТС "Југ"

| 110kV надземни кабелски водови ТС "Скопје1" - ТС "Север" | | | | |
|---|---|---|---|---|
| назив | тип | број на столбови | | вк.должина [km] |
| | | носиви | аголно затезни | |
| ДВ1 (123-А) | (3x500mm2)AlCe | 9 | 4 | 2.619 |
| ДВ2 (123-Б) | (3x500mm2)AlCe | 9 | 4 | 2.619 |
| ДВ3 (124-А) | (3x500mm2)AlCe | 8 | 4 | 2.545 |
| ДВ4 (124-Б) | (3x500mm2)AlCe | 8 | 4 | 2.545 |

| 110kV надземни кабелски водови ТС "Север" - ТС "Југ" | | | | |
|---|---|---|---|---|
| назив | тип | број на столбови | | вк.должина [km] |
| | | носиви | аголно затезни | |
| ДВ-"Југ"-1 | (3x240mm2)AlCe | 2 | 4 | 1.937 |
| ДВ-"Југ"-2 | (3x240mm2)AlCe | 2 | 4 | 1.937 |

| Енергетски трансформатори - ТС "Север" | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ред број | тип | производител | преносен однос [kV / kV] | моќност [kVA] | спој | локација |
| 1 | TRV 20000-123 | Раде Кончар | 110 / 6,3 | 20 000 | Yd5 | ТС "Север" |
| 2 | TRV 20000-123 | Раде Кончар | 110 / 6,3 | 20 000 | Yd5 | ТС "Север" |
| 3 | 1TRV 20000-123 | Раде Кончар | 110 / 6,3 | 20 000 | Ynd5 | ТС "Север" |

| Енергетски трансформатори - ТС "Југ" | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ред број | тип | производител | преносен однос [kV / kV] | моќност [kVA] | спој | локација |
| 1 | 1TRV 50000-123 | Раде Кончар | 110 / 36,75 / 6,3 | 50 000 | Yy0d5 | ТС "Југ" |
| 2 | TRV 31500-123 | Раде Кончар | 110 / 36,75 / 6,3 | 31 500 | Yy0d5 | ТС "Југ" |
| 3 | TRV 31500-123 | Раде Кончар | 110 / 36,75 / 6,3 | 31 500 | Yy0d5 | ТС "Југ" |
| 4 | 1TRV 50000-123 | Раде Кончар | 110 / 36,75 / 6,3 | 50 000 | Yy0d5 | ТС "Југ" |

1.2. Број на разводни постројки како составен дел на трафостаниците ТС "Север" и ТС "Југ"

| Име на трафостаница | Број на разводни постројки по напонско ниво | | |
|---|---|---|---|
| | 110kV | 35kV | 6kV |
| ТС "Север" | 1 | 0 | 1 |
| ТС "Југ" | 0 | 1 | 1 |

1.3. Опис на 110 kV постројки во ТС "Север".

| РАЗВОДНА ПОСТРОЈКА 110kV - ТС "СЕВЕР" | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| далеководни ќелии | трансформаторски ќелии | мерни ќелии | спојни полиња | изводни ќелии | резервни изводни ќелии |
| 6 | 3 | 2 | 2 | 7 | 4 |

1.4. Опис на 6 kV постројки во ТС "Север".

| РАЗВОДНА ПОСТРОЈКА 6kV - ТС "СЕВЕР" | | | | |
|---|---|---|---|---|
| трансформаторски ќелии | мерни ќелии | спојни полиња | изводни ќелии | резервни изводни ќелии |
| 3 | 7 | 3 | 52 | 4 |

1.5. Опис на 35 kV постројки во ТС "Југ"

| РАЗВОДНА ПОСТРОЈКА 35kV - ТС "ЈУГ" | | | | |
|---|---|---|---|---|
| трансформаторски ќелии | мерни ќелии | спојни полиња | изводни ќелии | резервни изводни ќелии |
| 4 | 4 | 0 | 14 | 6 |

1.6. Опис на 6 kV постројки во ТС "Југ"

| РАЗВОДНА ПОСТРОЈКА 6kV - ТС "ЈУГ" | | | | |
|---|---|---|---|---|
| трансформаторски ќелии | мерни ќелии | спојни полиња | изводни ќелии | резервни изводни ќелии |
| 4 | 6 | 2 | 36 | 8 |

**3347.**

Врз основа на член 19, став 1, алинеја 8 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 63/2006, 36/2007, 106/2008), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија на седницата одржана на 22 декември 2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА НА ТАРИФНИ ПОТРОШУВАЧИ НА МАЛО**

1. На Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Македонија“, во државна сопственост – Скопје му се издава лиценца за вршење на енергетската дејност снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи на мало.

2. Правата и обврските на носителот на лиценцата во вршењето на енергетската дејност снабдување со електрична енергија на мало се утврдени во Прилог 1, „Лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија на мало“ кој што е составен дел на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02- 2188/1
22 декември 2008 година
Скопје

Претседател,
**Славе Ивановски**, с.р.

**ПРИЛОГ 1**

Л И Ц Е Н Ц А
ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА НА ТАРИФНИ ПОТРОШУВАЧИ НА МАЛО

**1. Име и седиштето на носителот на лиценцата**

АД Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје ул. „11 Октомври“ бр. 9, 1000 Скопје, Република Македонија.

**2. Енергетската дејност за која се издава лиценцата**

Снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи на мало.

**3. Датум на издавање на лиценцата**

22 декември 2008 година.

**4. Временски период на важење на лиценцата**

10 години.

**5. Датум до кога важи лиценцата**

22 декември 2018 година.

**6. Евидентен број на издадената лиценца**

ЕЕ - 32.08.1/08.

**7. Број на деловниот субјект:** 6023754.

**8. Единствен даночен број:** 4030005560757.

**9. Вид и обем на енергетската дејност што се врши**

Со оваа лиценца се определуваат начинот и условите за вршење на енергетската дејност снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи на мало како дејност со која носителот на лиценцата треба да обезбеди јавна услуга, правата и обврските на АД ЕЛЕМ – Скопје (во понатамошниот текст: носител на лиценца), како и неговото учество на пазарот на електрична енергија.

Како енергетска дејност снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи на мало, во смисла на оваа лиценца, се смета купување на моќност и електрична енергија од регулираниот производител на електрична енергија, други производители на електрична енергија, трговци со електрична енергија и од дистрибуираните производители на електрична енергија како и потребен преносен и дистрибутивен капацитет и регулирани услуги, и продажба за потребите на тарифните потрошувачи на електрична енергија приклучени на дистрибутивната мрежа на подрачјето определено во точка 10 на оваа лиценца, по цени одобрени и објавени од Регулаторната комисија за енергетика.

**10. Подрачје на вршење на енергетската дејност**

Врз основа на Законот за енергетика и одредбите од оваа лиценца, носителот на лиценцата ја врши енергетската дејност снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи на мало приклучени на дисатрибутивната мрежа на подрачјето на индустрискиот комплекс на поранешната „Рудници и Железарница – Скопје“, Општина Бутел и Општина Гази Баба.

**11. Објекти преку кои се врши енергетската дејност**

Носителот на лиценцата ја врши енергетската дејност снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи на мало, преку системот за дистрибуција на електрична енергија во сопственост на АД ЕЛЕМ.

**12. Право на пристап и користење на системот за дистрибуција на електрична енергија**

Носителот на лиценцата има право на пристап и користење на системот за дистрибуција на електрична енергија заради непречено вршење на енергетската дејност, во согласност со закон, друг пропис и општ акт, како и врз основа на соодветните Мрежни правила за дистрибуција на електрична енергија, одобрени од страна на Регулаторната комисија за енергетика.

**13. Обврски за носителот на лиценца**

Носителот на лиценцата е должен да:

- ги почитува законите, другите прописи и општи акти кои се однесуваат на заштита на конкуренцијата, заштита на потрошувачите, заштита на животната средина, заштита на работниците, заштита на техничките средства и опрема;
- ги почитува Мрежните правила за пренос, Пазарните правила, соодветните Мрежни правила за дистрибуција, правилниците и другите прописи кои ги пропишува или одобрува Регулаторната комисија за енергетика во согласност со закон;
- обезбеди сигурно, безбедно и континуирано снабдување со моќност и електрична енергија;

- склучува договори за снабдување со електрична енергија со тарифните потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на електрична енергија на подрачјето определено во точка 10 на оваа лиценца;

- изготвува биланси за потребите на тарифните потрошувачи приклучени на дистрибутивната мрежа и ги доставува до операторот на пазар на електрична енергија, во согласност со Пазарните правила, Мрежните правила за пренос на електрична енергија и соодветните Мрежни правила за дистрибуција;

- врши фактурирање на испорачаната електрична енергија и моќност, согласно со соодветниот Тарифен систем за продажба на електрична енергија врз основа на извршените мерења.

**14. Набавка на електрична енергија за потребите на тарифните потрошувачи на мало**

Носителот на лиценцата за потребите на тарифните потрошувачи на електрична енергија приклучени на дистрибутивната мрежа на подрачјето определено во точка 10 на оваа лиценца:

- купува моќност и електрична енергија од регулираниот производител на електрична енергија, други производители на електрична енергија, трговци со електрична енергија и од дистрибуираните производители на електрична енергија, како и потребен преносен и дистрибутивен капацитет и регулирани услуги, по цени одобрени и објавени од Регулаторната комисија за енергетика;

- може да набави електрична моќност и енергија од други производители на електрична енергија и/или трговци со електрична енергија, само ако пазарните услови и цени се поповолни од условите и цените утврдени за регулираниот производител на електрична енергија, на јасно дефиниран транспарентен и недискриминаторен начин кој ќе гарантира еднаков пристап на сите домашни и странски правни лица. Оваа набавка треба да биде одобрена од Регулаторната комисија за енергетика.

**15. Обврска за информирање**

Носителот на лиценцата е должен да им ги обезбеди на операторот на електроенергетскиот систем, операторот на пазарот на електрична енергија, операторот на дистрибутивниот систем на подрачјето определено во точка 10 на оваа лиценца, како и на регулираниот производител, односно на другите производители и трговци од кои набавува моќност и електрична енергија, сите потребни податоци и информации кои се неопходни за извршувањето на нивните обврски утврдени во законите, другите прописи и лиценците.

**16. Обврска за одвоена сметководствена евиденција**

Носителот на лиценцата е должен:

- во своите интерни пресметки да води одвоена евиденција за секоја од енергетските дејности за кои што поседува лиценца за вршење на енергетска дејност;

- во согласност со сметководствените стандарди со кои се уредува сметководственото работење на претпријатието да изготвува финансиски извештаи кои ќе обезбедат информации за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите со резултатите од работењето, како и паричните текови на претпријатието; и

- да обезбедува консолидирани финансиски извештаи.

**17. Доверливост на информациите**

Носителот на лиценцата е должен во согласност со закон, да обезбеди и да гарантира доверливост на деловните податоци и информации кои при вршењето на енергетската дејност снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи на мало ги добива од сите учесници на пазарот на електрична енергија и од тарифните потрошувачи на електрична енергија приклучени на среднонапонската мрежа на подрачјето определено во точка 10 на оваа лиценца.

**18. Обврска за доставување на Годишен извештај за финансиското и деловното работење**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 10 март во тековната година да достави годишен извештај за делокругот на своето работење, вклучувајќи го и извештајот за финансиското и деловното работење во претходната година. Годишниот извештај со сите прилози задолжително се доставува и во електронска форма.

Годишниот извештај треба да содржи податоци за:

1. вкупни количини на набавена електрична енергија, моќност и регулирани услуги, по извори на набавки утврдени во точка 14 на оваа лиценца, во точките на прием во системот за дистрибуција на електрична енергија;

2. количини на предадена електрична енергија по напонско ниво и број на потрошувачи за секоја категорија, група, односно подгрупа на тарифни потрошувачи;

3. вкупна количина на испорачана активна електрична енергија по тарифни ставови, вкупно ангажирана моќност, вкупна количина на реактивна електрична енергија и фактор на моќност за секоја категорија, група, односно подгрупа на тарифни потрошувачи;

4. финансиски извештај за енергетската дејност, составен од:

- биланс на состојба и биланс на успех,
- извештај за промените во главнината,
- извештај за паричните текови,
- применетите сметководствени политики, и
- други објаснувачки белешки подготвени во согласност со меѓународните сметководствени стандарди;

5. преглед на фактурирани и реализирани продажби на електрична енергија за секоја категорија, група, односно подгрупа на тарифни потрошувачи согласно соодветниот Тарифен систем за продажба на електрична енергија;

6. преземени мерки во текот на претходната година за:

- обука и стручно усовршување на вработените заради ефикасно, доверливо и квалитетно вршење на енергетската дејност,

- спроведување на мониторинг врз сопственото работење,

- обезбедување на услови за сигурно, безбедно и континуирано снабдување со моќност, електрична енергија и регулирани услуги,

- вршење на енергетската дејност во услови на кризна состојба, како и воена и вонредна состојба;

7. состојба со кадровска екипираност за извршување на поделни задачи при вршењето на енергетската дејност;

8. извршени инспекциски надзори и контроли од страна на надлежни инспекциски и други државни органи, со приложени фотокопии на записниците, извештаите и решенијата од извршените надзори и контроли;

9. бизнис план за тековната година и оценка за реализирање на бизнис планот во претходната година;

10. реализација на обврската за информирање на потрошувачите и превземени мерки за подобрување на квалитетот на услугата.

**19. Обврска за доставување на други извештаи, информации и податоци во врска со вршењето на енергетската дејност**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика да доставува:

- во писмена и/или електронска форма, месечни и квартални извештаи за вкупни количини на набавена електрична енергија, моќност и системски услуги, по извор на набавка утврдена во точка 14 на оваа лиценца, во точките на прием во системот за дистрибуција на електрична енергија;
- количини на предадена електрична енергија по напонско ниво и број на потрошувачи за секоја категорија, група, односно подгрупа на тарифни потрошувачи;
- во писмена и/или електронска форма, месечни и квартални извештаи за вкупна количина на испорачана активна електрична енергија по тарифни ставови, вкупно ангажирана моќност, вкупна количина на реактивна електрична енергија и фактор на моќност за секоја категорија, група, односно подгрупа на тарифни потрошувачи;
- месечни и квартални прегледи на фактурирани продажби на електрична енергија за секоја категорија, група, односно подгрупа на тарифни потрошувачи согласно со соодветниот Тарифен систем за продажба на електрична енергија;
- известување за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи на мало;
- договори во врска со вршењето на енергетската дејност снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи на мало кои што ги склучил со други носители на лиценци за вршење на енергетска дејност, како и со тарифните потрошувачи на електрична енергија приклучени на среднонапонската мрежа на подрачјето определено во точка 10 на оваа лиценца.

**20. Бизнис план**

Носителот на лиценцата е должен во рок од шест месеци од датумот на издавање на оваа лиценца, да изготви и да достави до Регулаторната комисија за енергетика заради одобрување, бизнис план кој особено содржи:

- проекција на потребите од електрична енергија и моќност за тарифните потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на електрична енергија на подрачјето определено од точка 10 на оваа лиценца, за секоја категорија, група, односно подгрупа на тарифни потрошувачи, поодделно, за тековната година;
- начин на спроведување на проекцијата за снабдување со моќност и електрична енергија;
- учеството на пазарот на електрична енергија;
- мерки за обезбедување на сигурноста во снабдувањето.

**21. Цени за електрична енергија**

Носителот на лиценцата е должен испорачаната електричната енергија до тарифните потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на електрична енергија на подрачјето определено од точка 10 на оваа лиценца, да ја наплатува по цени согласно соодветниот Тарифен систем за продажба на електрична енергија.

Носителот на лиценцата е должен цените за електрична енергија да ги објавува на својата веб страна.

**22. Обврска за овозможување на непосреден увид во документацијата**

Носителот на лиценцата е должен, по барање на Регулаторната комисија за енергетика, да и овозможи непосреден увид во целокупната документација, пристап до деловните простории, средствата и опремата потребни за вршењето на енергетската дејност, во согласност со Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности.

**23. Квалитет на услугата**

Носителот на лиценцата е должен да обезбеди квалитетна услуга, согласно со пропишаните услови за снабдување со електрична енергија и да врши постојан мониторинг на квалитетот на услугата снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи на мало, за што на секои три месеци ја известува Регулаторната комисија за енергетика, операторот на електроенергетскиот систем, операторот на пазарот на електрична енергија и операторот на дистрибутивниот систем на подрачјето определено во точка 10 на оваа лиценца.

**24. Изменување и дополнување на лиценцата**

Изменувањето и дополнувањето на оваа лиценца ќе се врши исклучиво во согласност со одредбите од Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности.

**25. Мерки во случај на неисполнување на обврските од страна на носителот на лиценцата**

Доколку носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика ќе преземе мерки согласно со Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности.

## АКАДЕМИЈА ЗА ОБУКА НА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

**3348.**

Врз основа на член 9, став 1, алинеја 1 од Законот за Академија за обука на судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/06), а во врска со членовите од 121 до 134 од Статутот на Академијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 99/06), Управниот одбор на Академијата, на седницата одржана на 17.12.2008 година, го усвои следниот

## П Р А В И Л Н И К ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ПРОГРАМИТЕ ЗА ПОСТОЈАНО СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Предмет на уредување**

Член 1

Со овој Правилник се уредуваат заедничките правила за изготвување и реализација на општите и посебни програми за постојано стручно усовршување на судиите, јавните обвинители и нивните заменици (во натамошниот текст: обвинители), на судските и на обвинителските службеници, како и на државните службеници од Министерството за правда (во натамошниот текст МП) кои вршат работи од областа на правосудството во рамки на специјализираните програми наменети првенствено за судиите и за јавните обвинители.

### II. ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ

**Општи цели на постојаното стручно усовршување**

Член 2

Високо обучените, компетентните и ефикасните судии и обвинители се основен предуслов за владеење на правото, за заштита на човековите права и слободи и за востановување на вистински независно, непристрасно и ефикасно судство кое ќе функционира во интерес на граѓаните.

Постојаното стручно усовршување на овие кадри се остварува и со цел одржување и проширување на знаењата и стручноста во вршењето на судската, односно обвинителската функција, како и на стручноста и професионалноста на државните службеници во Министерството за правда и на судско - обвинителските службеници. Ова се реализира преку општи и посебни – специјализирани програми.

**Целни групи**

Член 3

Академијата организира и спроведува постојано стручно усовршување на судиите и обвинителите, на судските и на обвинителските службеници, како и на државните службеници од Министерство за правда кои вршат работи од областа на правосудството.

Академијата може да организира и да спроведува обука на адвокати, на нотари и на други сродни професионални групи, на комерцијална основа, преку котизација, без притоа да се наруши нејзината дејност.

**Времетраење на постојаното стручно усовршување на судиите и обвинителите**

Член 4

Правото и обврската за постојано стручно усовршување на судиите и обвинителите во Академијата се остварува во зависност од стажот.

Времетраењето на стручното усовршување на судиите и обвинителите кои имаат до осум години стаж како судија, односно како обвинител, изнесува најмалку 50 часа во текот на годината; на оние кои имаат над осум години стаж како судија или обвинител изнесува најмалку 30 часа во текот на годината; и на оние кои имаат над 15 години стаж како судија или обвинител, најмалку 15 часа во текот на годината.

За новоизбраните судии и новоименуваните јавни обвинители во основните судови, односно јавните обвинителства, Академијата организира обука во времетраење од 100 часа. Овие 100 часа новоизбраните судии и јавни обвинители треба да ги реализираат во тек на една година од денот на изборот.

По реализирањето на овие 100 часа, новоизбраните судии и јавни обвинители постојаното стручно усовршување го продолжуваат со целната група до 8 години стаж и до крајот на годината треба да исполнат број на часови сразмерно со преостанатите месеци.

Времетраењето на обуката на судиите и јавните обвинители избрани во новоформираните судови, во јавните обвинителства или во повисок суд или јавно обвинителство, кои претходно немаат стаж како судија или јавен обвинител, изнесува 50 часа во тек на годината.

**Методологија**

Член 5

Во општите, во посебните и во специјализираните програми за постојано стручно усовршување се применуваат теоретски и практични методи на работа, а посебно се применуваат современи и интерактивни методи и техники на предавање и едукација, како и методи на учење на далечина.

**Реализација на обуките**

Член 6

Обуките во постојано стручно усовршување ќе се реализираат преку семинари, конференции, стручни расправи, работилници, тркалезни маси, студиски престој и други облици на едукација.

Обуките, во зависност од типот на обука, бројот на учесници и други организациони потреби (локација, големина на просторија, опрема, осветлување, број на седишта, акустика и слично) ќе се одржуваат во просториите на Академијата, во салите на судовите, во јавните обвинителства, Министерство за правда или други соодветни простории.

Обуките во работни денови се одржуваат во работното време, но заради непречено одвивање на судењата и редовните судски и обвинителски активности и заради непречено одвивање на работата на судовите, на јавните обвинителства и на МП, според можностите, ќе се изведуваат и во попладневните часови и во саботите.

Академијата е должна, заедно со лицата кои раководат со објектот каде се одржува обуката, да обезбеди просторија која ќе одговара на потребите за одржување на обуката и која ќе има соодветна опрема за изведување на обуката на модерен и ефикасен начин (за power point презентација, компјутер, flipchart, прожектор и сл.).

Обуките по правило се во времетраење од 6 часа дневно, а секој час изнесува 45 минути. Во посебни случаи можат да се реализираат и обуки кои содржат помалку од 6 часа дневно.

**Обврски на Академијата во поглед на организација на обуките и кон учесниците**

Член 7

Врз основа на програмите за постојано стручно усовршување одобрени од Управниот одбор, според расположливите финансиски средства од одобрениот буџет за таа намена за односната година и врз основа на други законски извори на финансирање, персоналните и објективните можности на Академијата за организирање обука, како и согласно со потребата од непречено одвивање на работата на учесниците на одделните целни групи и нормалното функционирање на судовите, јавните обвинителствата и на Министерството за правда, Академијата, најдоцна до крајот од првата половина на декември во тековната година подготвува годишен календар на активности за наредната година.

Календарот од став 1 го одобрува Управниот одбор на Академијата и истиот се доставува до судовите, јавните обвинителства и Министерството за правда, во печатена форма и се објавува и на Интернет страницата на Академијата.

Овој календар задолжително ги содржи следниве податоци: целната група за која е наменета обуката, областа, темите, а факултативно и местото и времето на одржување, доколку се познати.

Како основа за одредување на целните групи на судиите и обвинителите во годишниот календар се зема состојбата на потребниот број часови за обука според годините на стаж, пресметани на 1 јануари во годината за која се изготвува календарот.

**Евиденција за учество во Програмата за постојано стручно усовршување**

Член 8

Академијата, согласно со член 44 од Законот за Академија за обука на судии и јавни обвинители, според податоци добиени од Министерството за правда, води посебна евиденција за судиите, обвинителите и државните службеници од Министерството за правда, коишто учествувале во активностите предвидени со Програмата за постојано стручно усовршување.

Евиденцијата од став 1 ја опфаќа состојбата на потребниот број часови на обука кои секој судија и обвинител треба да ги исполни во тек на годината, во зависност од годините на стажот, како и од часовите поминати на обука.

Академијата води евиденција и за бројот на реализирани часови на обука за секој едукатор и за менторскиот период на секој ментор.

Евиденцијата од став 1 и 2 ја води и ја ажурира раководителот на одделението за информатика во Академијата.

Заради ажурирање на податоците и заради навремено планирање на обуките, претседателите на судовите и раководителите на јавните обвинителства се должни, за сите промени во годишниот распоред на судиите и обвинителите и во случај на нивно преминување од еден оддел во друг, како и при престанок на функцијата во соодветниот суд или јавно обвинителство, по било кој основ (избор во повисока инстанца, пензионирање, разрешување и др.), навремено да ја известат Академијата.

Заради потребата од точно и навремено евидентирање на часовите на обука, претседателите на судовите, јавните обвинители и Министерот за правда се должни од редот на судиите, обвинителите и државните службеници од МП да одредат лице за контакт со Академијата со кое ќе се остварува директен и непосреден контакт и координација во врска со сите активности потребни за организирање и изведување на обуката - координатор за обука.

Судијата или обвинителот, којшто, според стажот станал припадник на друга целна група за обука, а кој продолжува да ја посетува обуката предвидена за истата, за што евиденција води Академијата, се известува за настанатата промена.

**Начин на реализација на евиденцијата**

Член 9

Во законски часови на обука се засметуваат часовите поминати на обука на теми од програмите за постојано стручно усовршување, од Годишниот и деталните календари на Академијата, како и на теми кои дополнително, од Управниот одбор, ќе бидат утврдени како корисни.

Како обуки во смисла на ст.1 се сметаат активностите (семинари, тркалезни маси, работилници, дебати и сл.) организирани од Академијата, самостојно или со учество на домашни и странски проекти во кои Академијата е имплементирачки партнер, или дополнително, доколку со донаторот е писмено договорено Академијата да биде носител на обуката.

Законските часови од ст.1 се засметуваат само доколку програмата со темите, изборот на едукаторите, утврдувањето и повикувањето на учесниците за секоја од домашните обуки и за студиските престои во странство, како и датумите на обуките, се однапред писмено договорени со Академијата и доколку за тоа се исполнети условите од чл.24 од овој Правилник.

Академијата, согласно со чл.44 од Законот за Академија, на судиите, обвинителите и државните службеници од Министерството за правда им издава потврди за бројот на часовите поминати на постојано стручно усовршување и тие податоци ги доставува до Судскиот совет на Република Македонија, до Советот на јавни обвинители и до Министерот за правда. Часовите поминати на обука ќе се сметаат според присуството на секоја обука.

Покрај потврдите од став 2, кои на учесниците им се доставуваат на крајот од годината, Академијата, до крајот на јули во тековната година, на секој судија или јавен обвинител му доставува и известие за дотогаш реализираните часови на обука со цел навремено планирање на редовните работни обврски и планирање на постигнувањето на законскиот годишен минимум на обука.

Во потврдите од став 1, за едукаторите и менторите, Академијата ја внесува и евиденцијата од член 8, став 3 од овој Правилник.

Во дополнителни часови за обука, според приложената програма и според добиениот сертификат (доколку таков е поделен од страна на организаторот), се засметува и обуката во странство на која учесникот е испратен од Академијата.

Во часови на обука од претходниот став се засметуваат само часовите поминати на активна обука според програмата.

Податоците од овој член се чуваат согласно со Законот за заштита на личните податоци.

Бројот на часовите се евидентира според редовноста.

**Годишен календар на активности**

Член 10

Врз основа на годишниот календар, Академијата, за учесниците во обуката подготвува и доставува детален календар за планираните обуки за наредните три или повеќе месеци во годината и за истиот, на седница, го известува Управниот одбор во рамки на редовниот извештај за работа на Академијата.

Доколку одделни елементи во врска со организацијата на одделна обука не се познати во време на испраќањето на календарот (точен датум, местото на одржување), истите ќе им бидат доставени на учесниците на обуката во разумен рок, пред датумот на настанот.

Годишниот и двомесечните календари навремено им се доставуваат на претседателите на судовите, на јавните обвинители, на министерот за правда и на претпоставените од другите целни групи кои се субјекти на обуката во Академијата, според Законот за Академија за обука на судии и јавни обвинители, на претседателите на судовите, на јавните обвинители или на Министерството за правда во чии простории е планирано изведување на обуките, а тие се должни за истите навремено да ги известат сите потенцијални учесници заради ефикасно планирање на рочиштата и заради непречено одвивање на работата на судовите, јавните обвинителства и Министерство за правда.

За секоја измена и за секоја дополнително вклучена обука во календарот на обуки, учесниците ќе бидат навремено известени.

Доколку во деталните календари се внесени измени (нови програми за обука или нови поединечни обуки наметнати од потребите (формирање нов суд или ново јавно обвинителство, формирање нови целни групи за обука или обуки наметнати од актуелноста на појавата и сл.), кои не се предвидени во усвоениот годишен календар за обуки, таквите измени ќе бидат поднесени на усвојување на седница на Управниот одбор на Академијата.

**Пријава за учество**

Член 11

Академијата, со двомесечниот или повеќемесечниот календар, доставува и пријава за учество до претседателите на судовите, до јавните обвинители и до Министерот за правда, кои, преку соодветните служби ќе ги направат достапни за секој учесник, односно за секој припадник на одделната целна група.

Пријавата за учество содржи:

- Име и презиме на лицето што се пријавува;
- Контакт (компјутерска адреса, телефонски број на работа), познавање на јазик и компјутери;
- Години на стаж, област во која работи, суд/јавно обвинителство, министерство за правда, позиција, дополнителни функции (претседател, јавен обвинител, раководител на оддел);
- За кој настан се пријавува;
- Крајниот рок за пријавување и начинот на доставување на пријавата до Академијата (по факс, на компјутерска адреса, по пошта);
- Крајниот рок за откажување на учеството;
- Трошоците што ќе бидат надоместени од Академијата.

Пријавата ја пополнува секој судија, јавен обвинител или учесник на друга целна група кој се пријавува за конкретна обука од деталниот календар, согласно со целната група на која и припаѓа според годишниот распоред за работа и ја доставува до Академијата преку претседателот на судот, јавниот обвинител и назначениот координатор кои се должни да водат сметка учесниците да се пријавуваат на обуката според целната група на која и' припаѓаат и според областа на која работат, согласно со годишниот распоред за работа.

**Трошоци**

Член 12

За секоја поединечна обука директорот на Академијата донесува Одлука за потребните трошоци за реализација.

III. ОСНОВНИ ПРАВА НА УЧЕСНИЦИТЕ ВО ВРСКА СО УЧЕСТВОТО ВО КОНКРЕТНА ОБУКА

Член 13

Учесниците во обуките организирани од Академијата имаат право на транспарентна и квалитетна обука, односно обука приспособена на актуелните потреби за стручно и професионално извршување на должностите на судиите, обвинителите и другите целни групи.

Заради обезбедување на обуката од став 1 учесниците имаат право, со цел да придонесат кон подобрувањето на работењето на Академијата во организирањето на обуките, да даваат свои предлози, сугестии, критики, забелешки, во писмена форма и на адреса на Академијата, како и на форумот за дискусии на интернет страната на Академијата.

**Програма и наставен материјал**

Член 14

Стручната служба од Академијата, во разумен рок, пред датумот за обуката, е должна на учесниците да им ги достави програмата и наставниот материјал за обу-

ката, доколку истите се навремено испратени од едукаторите, а доколку не се, на секој од нив да му овозможи да ги има до завршување на обуката, ако за тоа се обезбедени финансиски средства.

Доколку не се обезбедени финансиски средства, секој од учесниците треба да добие примерок од комплетно предаваниот материјал и од обработуваните теми, а Академијата е должна да обезбеди најмалку еден примерок од програмата и од наставниот материјал во библиотеката на Академијата.

**Присуство на обуката**

Член 15

Вработен од стручната служба на Академијата, пред почетокот на обуката, изготвува, и на секој од учесниците и едукаторите им доделува список на учесници и едукатори, на кој секој со својот потпис го потврдува своето присуство на обуката.

За време на одвивањето на наставата, преку дополнителен список за присуство на учесниците и едукаторите, ќе се проверува присуството на учесниците.

**Евалуација**

Член 16

Пред завршувањето на обуката на секој од учесниците им се доставува анонимен прашалник за евалуација во форма пропишана од Академијата. Прашалникот содржи евалуација за начинот на изведување на обуката од секој едукатор, за адекватноста и навременоста на доставувањето на наставните материјали, за содржината на обуката, за организацијата, како и за препораките и предлози на теми за идни обуки.

Прашалниците од став 1 и 2 имаат интерна употреба во Академијата и се користат за оценка на едукаторите, за планирање на идните обуки и за подобрување на организацијата на обуките, а сето тоа е во согласност со законските прописи и не е предмет на објавување на веб страната на Академијата.

**Стручна служба**

Член 17

За време на обуката Академијата обезбедува присуство на еден вработен од стручната служба кој е од редот на дипломираните правници, а кој има улога да го олеснува одржувањето на настанот, ќе им помага и ќе им биде на располагање на учесниците на обуката и на едукаторите за логистички потреби (копирање на потребни материјали, наоѓање литература, компјутерско водење записник за текот на обуката, при дискусиите и ќе биде од помош при изготвувањето на заклучоците од обуката.

По завршувањето на обуката стручната служба, во рок од 15 работни дена, изготвува извештај во кој ќе ги обработи и ќе ги сублимира податоците за обуката (листата на учесници, дискусиите, заклучоците, резултатите од прашалниците, предаваниот материјал) и ќе даде краток опис за истите (освен за податоците од чл. 16) а се' ќе објави на веб страната на Академијата.

Составен дел на овој извештај е и финансискиот извештај што се доставува и до Одделението за финансиско - материјално работење на Академијата.

**Учество на обуки во странство**

Член 18

Академијата ќе овозможи учество на корисниците на нејзините услуги за обука во странство доколку бидат покриени неопходните трошоци за обуката од странскиот донор.

Академијата може да партиципира во покривањето на трошоците од став 1 во целост или делумно, доколку за тоа се обезбедени финансиски средства од буџетот или на друг начин.

Покривањето на потребните трошоци од став 1, доколку се на товар на буџетските средства, го одобрува Управниот одбор на Академијата, пред одржување на обуката, а доколку се работи за неможност за свикување на Управен одбор, поради кратките рокови, одобрувањето го врши директорот и за тоа доставува извештај на првата наредна седница на Управниот одбор.

За пристигнатите покани за обука во странство се известува Управниот одбор на првата наредна седница.

Учесниците во обуката Академијата ги определува со консултации и во согласност со претседателите на судовите, јавните обвинители и министерот за правда, (секој за своите вработени), а во координација со странскиот донор. Сето ова е во зависност и од условите кои, според поканата на странскиот организатор, треба да ги исполнат, во согласност со евиденцијата што ја води Академијата за учество на сите припадници на целните групи на обуки во странство, во смисла на член 9 од овој Правилник.

За номинираните учесници од став 2 Управниот одбор се известува на првата наредна седница.

Номинираниот учесник за обука во странство кој неоправдано ќе се откаже од обуката во момент во кој веќе не е можно да се испрати друг учесник, со што ќе ја оптовари Академијата или донорот со трошоци за превоз и сместување, е должен да ги надомести трошоците.

Во случај доброволно да не ги надомести трошоците, Академијата има право тоа да го бара согласно со законските прописи за надомест на штета.

**Трошоци**

Член 19

Учесниците во постојаното стручно усовршување имаат право на надомест за патни и дневни трошоци, доколку обуките се спроведуваат надвор од нивното работно место.

Патниот трошок на учесниците се надоместува во висина од повратна автобуска карта од местото на живеење до местото на обуката.

Доколку Академијата непосредно не ги покрие неопходните дневни трошоци за учесниците (за освежување и за ручек) на учесниците им се обезбедува дневен надомест за покривање на дневните трошоци (за освежување и за ручек), предвиден од Академијата согласно со одобрениот буџет за тековната година, а кој ќе биде во висина и на начин утврден со Законот за извршување на буџетот.

Академијата обезбедува и трошоци за ноќевање само доколку во деталниот календар на активности е предвидено дека за одредена обука е покриено и ноќевањето.

Доколку Академијата или институцијата во која е вработен учесникот во обуката, или едукаторот, или менторот, им обезбедиле превоз од местото на работа до местото на одржување на обуката со службено возило, за што пополнуваат формулар, на овие лица не им следува надомест за патните трошоци.

Во случај на ненавремено и неоправдано откажување на учеството во обуката, што предизвикало дополнителни трошоци за Академијата, учесникот е должен да ги надомести трошоците; во спротивно Академијата има право тоа да го бара согласно со законските прописи за надомест на штета.

**Сертификати**

Член 20

По завршувањето на секоја обука, Академијата, на секој учесник му доделува сертификат за учество во обуката, кој се изработува според образец пропишан од Академијата, доколку е тоа однапред предвидено.

Сертификатот го потпишува директорот или лице од него овластено, а доколку обуката е кофинансирана или организирана заедно со други домашни или странски организатори или донори, сертификатот го потпишува и претставник на односниот субјект.

## IV. ОБВРСКИ НА АКАДЕМИЈАТА КОН ЕДУКАТОРИТЕ

**Логистичка поддршка на едукаторите**

Член 21

Академијата има обврска навремено да ги информира едукаторите за нивното ангажирање за одредена обука и тоа најмалку две недели пред датумот на одржувањето на обуката.

Академијата за соодветната обука на едукаторите им ја става на располагање потребната опрема (компјутери, power point, прожектор, flipchart и др.) и преку вработен од стручната служба ќе им пружи поддршка заради олеснување на подготовката и за изведбата на предавањето и составувањето на заклучоците од обуката.

**Договор за надоместок**

Член 22

Академијата, на едукаторите вклучени во конкретната обука им ги надоместува трошоци согласно со Правилникот за надоместоци на едукаторите во почетна обука – теоретска настава и за постојано стручно усовршување на судиите и јавните обвинители.

Врз основа на наведениот правилник директорот, или од него овластено лице, со едукаторот склучува договор за реализираната работа кој го содржи предметот на договорот и условите за исполнување на договорот.

Висината на надоместот се утврдува врз основа на реализираните експертски часови.

За секој реализиран експертски час се пресметува по еден час за подготовка.

Едукаторот, за секоја обука пополнува образец (time sheet) за реализираните часови на работа, како и извештај за темите и начинот на реализација.

Едукаторот, договорот и образецот за реализираните часовите на работа, заедно со изготвениот материјал од чл.28 од овој Правилник, го доставува до Одделението за материјално - финансиско работење.

На едукаторот кој нема да ги исполни обврските од ст.6, нема да му биде извршена исплата согласно со Правилникот за надоместоци од ст.1.

**Учество на обуки во странство**

Член 23

Доколку има покана од странски организатор за едукаторите да вршат обука во странство, тие се испраќаат на трошок на организаторот (превозни трошоци, сместување, дневници), додека пак домашните дневници, а по исклучок и превозните трошоци (авионска карта) и хотелското сместување се на товар на буџетските средства и им се исплаќаат во согласност со член 18, став 2 од овој Правилник.

## V. ОБВРСКИ НА УЧЕСНИЦИТЕ

**Учество на обуки организирани од Академијата**

Член 24

Учесниците во Програмата за постојано стручно усовршување имаат обврска да ја пополнат пријавата за учество на секоја поединечна обука од деталниот календар и истата, пред почетокот на обуката, навремено, во рок одреден од Академијата, да ја доставаат на соодветен начин до Академијата (по пошта, преку факс, со компјутерска порака), согласно со чл.11, ст.3 од овој Правилник.

Учесниците се пријавуваат за соодветната целна група според областите на кои работат во моментот на пријавувањето, а согласно со годишниот распоред за работа и според потребниот број на часови за обука.

Доколку семинарот се одржува за сите апелациони подрачја, во тој случај при одредување на составот на учесниците се води сметка за пропорционална застапеност на претставници од сите судови, односно од јавни обвинителства од соодветните апелациони подрачја и за потребниот број часови за обука.

Доколку за една обука се јават повеќе учесници од бројот на слободни места, учесниците ќе се селектираат според потребниот број часови и според потесната специјализација, а ако имаат еднаков број часови, тогаш според редоследот на пријавувањето.

Заради навремено и ефикасно планирање на бројот на учесниците и заради рационално организирање и финансирање на обуките, учесниците на обуките се должни во текот на целата година навремено и квартално да ги посетуваат обуките за исполнување на годишниот законски минимум на часови, при што, до септември во тековната година треба да имаат посетено минимум 50% од предвидените часови за нивната целна група.

**Присуство на обуките**

Член 25

Учесниците имаат обврска да:

- присуствуваат на обуките непрекинато, а доколку отсуствуваат навремено да ја известат стручната служба на Академијата за причината за недоаѓање, заради навремено поканување друг учесник;
- заради подобро идно организирање и планирање на обуките, потребно е да пополнат прашалници за евалуација и да ги доставаат до вработеното лице до крај на семинарот.

На учесникот кој без оправдани причини и без прекин не присуствува на обуките не му следуваат патни и дневни трошоци.

**Услови за учество на обука во странство**

Член 26

Академијата овозможува учество на учесници (судии, обвинители, припадници на другите целни групи, членови на органи на Академијата), едукатори, ментори и кандидати кои ја следат Програмата за почетна обука, за обука во странство.

За обука во странство ќе биде номиниран учесник кој ги исполнува условите наведени во поканата за обука, а особено доколку работен јазик на обуката е странски јазик кој учесникот го познава на ниво потребно за активно да учествува и да ја следи обуката, да учествува во работата во групите, во работилници, во работа на случаи (case study) и слично, и да учествува во изготвување на извештаи за работата во групи.

**Обврски на учесниците на обука во странство**

Член 27

Учесниците испратени на обука во странство, согласно со чл.9, ги имаат следниве обврски:

- да бидат редовни на обуката;
- да бидат подготвени да ја претставаат општата состојба на реформите во правосудството во Република Македонија, својот домен на работење, како и работата и дејноста на Академијата;
- за обуки во странство да изготват предавање на одредена тема, доколку таква се бара во поканата од организаторот;
- по враќањето, да достават еден примерок од добиените материјали (програма, CD, power point презентации, литература);
- да достават извештај за текот и активностите на семинарот кој ќе биде доставен на разгледување на седница на Управниот одбор на Академијата.

За обврските од став 1 учесниците навремено се известуваат пред заминувањето на обуката во странство.

VI. ОБВРСКИ НА ЕДУКАТОРИТЕ

**Наставен материјал**

Член 28

Едукаторите имаат обврска навремено, пред почетокот на обуката, да достават детализирана агенда, односно наставен материјал за обработуваната тема во пишувана форма или преку електронска копија, што ќе овозможи нивно навремено доставување до учесниците пред датумот на обуката.

Покрај наставниот материјал и негово навремено предавање на Академијата, едукаторот е должен:

- да подготви визуелни материјали (презентација);
- да подготви работни листови за практична работа;
- да ја реализира обуката;
- да подготви извештај со заклучоци за изведената обука и препораки за идни обуки и тоа најдоцна во рок од 10 работни дена од завршувањето на обуката;
- во текот на обуката да се придржува до програмата и до временското траење на истата.

Едукаторите се должни при предавањата да користат модерни наставни техники (power point, видео презентации, студии на случај, дискусии, да комбинираат теоретско - практичен пристап, обработка на случаи, обработувани судски случаи од домашната и од странска судско - обвинителска практика, симулирани случаи и сл.) и материјалите во пишувана или во електронска форма да ги направат достапни на библиотеката на Академијата, за потоа да се користат за цели на обуката.

**Спреченост за присуство**

Член 29

Во случај на спреченост за присуство на семинарот, едукаторите треба навремено да ја известат Академијата заради обезбедување на друг едукатор и заради навремено создавање услови за непречено одвивање на обуката.

Член 30

Правата и обврските на учесниците, на едукаторите и на Академијата во врска со организирањето на обуките подетално се регулирани со годишно упатство кое им се доставува на сите учесници во обуките и се објавува на веб страницата на Академијата.

VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 31

Овој правилник влегува во сила со денот на усвојување од Управниот одбор на Академијата.

Овој правилник се објавува во „Службен весник на Република Македонија" и на интернет страницата на Академијата.

Бр. 01-622/10
23 декември 2008 година
Скопје

Академија за обука на
судии и јавни обвинители,
Претседател
на Управен одбор,
**Абдулаким Саљиу**, с.р.

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефони: +389-2-3298-860, 3290-471, 3290-449.
Телефакс: +389-2-3112-267.
Претплатата за 2008 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.
www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk
ISSN 0354-1622
2008161